СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
„Таки Даскало“
Битола

ISSN 1409-8598

РАЗГЛЕДИ

СТРУЧЕН БИЛТЕН НА НАСТАВНИЦИТЕ

год. XI

бр. 22

2026

Р А З Г Л Е Д И – СТРУЧЕН БИЛТЕН НА НАСТАВНИЦИТЕ

Година XI, бр. 22, април 2026 г., ISSN 1409-8598

ИЗДАВАЧ:
СОУ „Таки Даскало“ – Битола, ул. „Димитар Илиевски Мурато“ бр. 37, Битола
e-mail: takidaskalobitola@gmail.com, www.takidaskalo.edu.mk

ЗА ИЗДАВАЧОТ:
Ристо Грујовски, директор

РЕДАКЦИЈА:
Весна Мундишевска-Велјановска, главен и одговорен уредник
Кики Младенова, наставник по англиски јазик
м-р Марија Младеновска-Димитровска, училишен психолог
д-р Роберто Трајковски, наставник по историја

ЛЕКТОР:
Јулијана Јосифовска, наставник по македонски јазик и литература

КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА:
Весна Мундишевска-Велјановска, наставник по графички стручни предмети

КОРИЦА:
Миле Атанасоски, наставник по графички стручни предмети

ПЕЧАТИ: „Графо Пром“ – Битола

Стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ е формиран во 1999 година заради поголемо информирање и соработка на сите вработени во училиштето во насока на следење на модерните трендови во образованието, зголемување на квалитетот на наставата и унапредување на воспитно-образовната практика, но и за размена на искуства со колеги од други институции.

Првата редакција на „Разгледи“ ја сочинуваа: Весна Мундишевска (наставник по графички стручни предмети), Мирјана Гичевска (училишен психолог), Гоне Јакчулев (помошник директор) и Милица Радевска (наставник по македонски јазик и литература, која од бр.1/1999 до бр.15-16/2011 вршеше и јазична редакција на билтенот). Јазична редакција на билтенот спровеле и наставниците по македонски јазик и литература: Билјана Атанасовска (бр.17-18/2014), Богослав Новески (бр.17-18/2014) и Јулијана Јосифовска, лектор (бр.17-18/2014, бр.19-20/2024, бр.21/2025 и бр.22/2026).

Компјутерската обработка за сите броеви (освен бр.17-18/2014) ја изведувала Весна Мундишевска-Велјановска (самостојно или како одговорен наставник за ДТП секцијата), а кориците за бр.13-14/2010, бр.15-16/2011, бр.17-18/2014 (корици и компјутерска обработка), бр.19-20/2024, бр.21/2025 и бр.22/2026 ги изработи Миле Атанасоски, наставник по графички стручни предмети.

Во повеќе броеви (бр.1/1999, бр.2-3/1999, бр.4-5/2001, бр.6,7,8/2003, бр.9-10/2004 и бр.11-12/2005) активно биле вклучени и учениците од графичката струка (од ДТП секцијата) и тоа како автори на фотографии или во делот на компјутерската обработка (издвојуваме дека тогашниот ученик Ице Огненовски е автор на дизајнот на насловот „Разгледи“ кој го задржавме како наш препознатлив белег до денес).

Во редакцијата на стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ од првиот број па сè до овој број учествувале: Весна Мундишевска-Велјановска (во сите броеви), Милица Радевска (бр.1/1999, бр.2-3/1999, бр.4-5/2001, бр.6,7,8/2003, бр.9-10/2004, бр.11-12/2005, бр.13-14/2010 и бр.17-18/2014), Мирјана Гичевска (бр.1/1999, бр.2-3/1999, бр.4-5/2001 и бр.6,7,8/2003), Гоне Јакчулев (бр.1/1999 и бр.6,7,8/2003), Евгенија Маневска (бр.4-5/2001), Љубица Мешкова-Солак (бр.9-10/2004 и бр.15-16/2011), м-р Јасмина Бабушковска-Василевска (бр.9-10/2004), Тереза Литовска-Фердинанди (бр.11-12/2005), д-р Анита Ангелевска (бр.13-14/2010 и бр.15-16/2011), д-р Лидија Стефановска (бр.13-14/2010), Тони Видевски (бр.15-16/2011), Љупчо Поповски (бр.15-16/2011), Славица Наумовска (бр.15-16/2011 и бр.17-18/2014), Марија Јовановска (бр.15-16/2011), Добре Босилковски (бр.17-18/2014), Кики Младенова (бр.19-20/2024, бр.21/2025 и бр.22/2026), м-р Марија Младеновска-Димитровска (бр.19-20/2024, бр.21/2025 и бр.22/2026) и д-р Роберто Трајковски (бр.19-20/2024, бр.21/2025 и бр.22/2026).

copyright © 2026 СОУ „Таки Даскало“ – Битола

Мислењата и ставовите што се изразени во стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на редакцијата и издавачот.

КОЛУМНА

Виолета Колевска Атанасоска,
образовен асистент

ОБРАЗОВНИТЕ АСИСТЕНТИ – ТИВКИТЕ АРХИТЕКТИ НА ИНКЛУЗИЈАТА

УДК 37.091.398-051-056.36

Тивките сојузници во училишните клупи

Кога зборуваме за средното образование најчесто дебатираме за дигитализација, немање учебници, матурски испити, промени во наставните програми итн. Сепак во сенка на овие постојани теми се случува една тивка но суштинска револуција. Нејзини носители не се само наставниците, педагошко-психолошката служба по училиштата туку една специфична група професионалци чија улога често се зема здраво за готово – образовните асистенти. Во овој бурен период од развојот кога тинејџерите се борат за своето место под сонцето за учениците со попреченост патот е двојно пострмен. Тука образовниот асистент престанува да биде само „техничка поддршка“ и станува многу повеќе: преведувач на комплексни наставни единици, социјален медијатор помеѓу врсниците и пред сè емотивен столб кој му шепнува на ученикот дека бариерите не се ѕидови туку само препреки кои можат да се прескокнат. Тој е катализатор на самостојноста. Но, дали како систем и како општество го разбираме нивното значење или ги гледаме само како придружба во училницата.

Помеѓу емпатијата и професионализмот

СОУ „Таки Даскало“ – Битола е најинклузивното училиште за средно образование, каде образовните асистенти се застапени скоро осум години. Најпрвин како дел од проектот „Општинско-корисна работа“ т.е. работно ангажирани преку давање социјални услуги на Општина Битола и UNDP, а од минатата година како дел од Министерство за образование и наука. Бројката на образовни асистенти е променлива и варира од година во година. Има ученици застапени во графичката струка, угостителско-туристичката, текстилната и лични услуги. Во средните училишта улогата на асистентот се трансформира. Ако во основното училиште фокусот беше ставен на примарна адаптација, стекнување основни вештини и физичка поддршка, во средното образование образовниот асистент станува интелектуален и социјален мост. Наставната програма станува поапстрактна, терминологијата сложена, а социјалната динамика честопати сурова. Тука асистентот не е само некој што „препишува од табла“, тој е филтерот кој му помага на ученикот да ја разбере новата материја прилагодена на специфичниот начин на кој тој ученик го доживува светот. Присуството на асистентот во училницата не го менува само светот на еден ученик со попреченост, тој го менува погледот на целиот клас кон различностите претварајќи го сочувството во акција. Но, можеби најважната и најмалку видлива задача е социјалната медијација. Во годините кога припадноста во групата е сè, асистентот е дискретниот поттикнувач кој му помага да се вклучи во разговор на голем одмор, групен проект, спречувајќи ја тивката изолација која често оди рака под рака со попреченоста. Сепак оваа благородна професија не е без своите „сиви зони“. Честопати асистентите се соочуваат со нејасни граници на своите задолженија, недоволна системска поддршка и економска несигурност која не одговара на тежината на нивната одговорност. Тие се столбот на инклузијата, а сепак се третирани како „привремено решение“ во системот. Тие имаат потреба од континуирана обука за спефични дијагнози, усовршување во области кои ќе им помогнат полесно да се справат со одредени состојби. Вистинската инклузија не е само присуство на ученикот во училницата туку негово суштинско учество а, тоа е невозможно без мотивиран, обучен и вреднуван асистент, како и материјални и просторни услови за децата со атипичен развој.

Невидливи херои

На крајот мораме да разбереме дека образовниот асистент не е само сервис за еден ученик. Тој е вредност за цела паралелка. Преку неговото присуство останатите ученици учат лекции кои ги нема во ниеден учебник – лекции за солидарност, трпение, емпатија, поддршка, внимание, пристојност, прифаќање на различностите како богатство, а не како товар. Ако сакаме општество кое не остава никого зад себе мораме да ги препознаеме овие професионалци како клучен дел од „образовниот мозаик“. Луѓе кои секојдневно докажуваат дека образованието е право на сите, а не привилегија на мнозинството. Инклузијата без асистент е само илузија. Со него таа станува реалност во која секое дете има шанса да блесне. Зашто најголемиот успех на асистентот не се гледа во тоа колку му помогнал на ученикот, туку во тоа колку го научил да верува во сопствената способност да успее сам.

СОВРЕМЕНА НАСТАВА

Проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска,
Педагошки факултет – Битола

МУЛТИКУЛТУРАЛНОСТА И КРИТИЧКАТА ПИСМЕНОСТ

Извадок од универзитетскиот учебник „Критичка писменост“, 2019,
Битола: Педагошки факултет – Битола, стр. 102-105
УДК 316.722:37.011.22-028.43

Знаеме дека концептот критичка писменост не е нов, но и дека се надоврзува на сфаќањето за писмеността како способност за читање и пишување, потоа – способност за изведување математички операции, но и реторички и други вештини, писмеността како социјална практика, но и како вештина која зависи од контекстот во кој се манифестира.

Критичката писменост има корени уште во филозофијата на образованието на Џуи, постструктуралистичката филозофија, критичките социјални теории и педагогијата на Паоло Фрер. Џуи (2008) го нагласува фактот дека процесот на размислување зависи од искуството на личноста која мисли, но и дека човекот е одговорен за сопствените акции, односно за сопственото учење. Мислата или рефлексијата е нешто помеѓу тоа што се обидуваме да го направиме и тоа што се случува како последица на тоа. Не е можно да постои значајно искуство без да е вклучена мислата (Џуи, 2008). Целта на образованието не е човекот да се стекне со знаење туку да се реализира себеси како личност. Учењето е активен процес (Џуи, 1902).

Критичката писменост подразбира употреба на начини на кои му се пристапува на текстот кој е производ на одредени општествени и историски услови. Оттука, читателот не е во потрага по вистинското значење на текстот, бидејќи такво нешто не постои (постструктуралистичкото влијание), туку читателот го пресоздава значењето на текстот (откако авторот го создал). Зад манифестираната структура постои скриена која треба да се преиспитува постојано (влијанието на Дерида). Читателот треба да знае кој е авторот на текстот, причината за настанувањето на текстот, неговата улога и функција, начинот на кој е создаден текстот, неговата структура, да е свесен за различните алтернативни перспективи и оттука и да создава алтернативни текстови како резултат на проучувањето на интертекстуалноста, но и да ја поттикнува креативноста и креативното пишување. Заложбите за развој на критичката писменост одат во таа насока што кај луѓето ја развиваат свеста за сопствената положба во општеството, но и за општествената позиција на другите во општествената хиерархија (влијание на критичките социјални теории) и тоа со цел да се заштитат себеси од експлоатација и неприфаќање. Паоло Фрер (1970) зборува за свет во кој сите луѓе ќе бидат еднакви. Тој застапува гледиште според кое моќта треба да се дислоцира на тој начин што ќе им се даде поголема моќ на маргинализираните општествени групи на тој начин што ќе им се овозможи пристап до образование за сите, создавање на граѓанство кое мисли со своја глава затоа што има пристап до знаењето како и можност активно да учи и на тој начин да е одговорен за сопствениот развој. Фрер ја нагласува значајноста на преземањето иницијативи како резултат на спојот од мислење и акција. Развојот на критичката писменост значи развој на свесноста за себе и за другите, односно свесност за сопствениот идентитет и општествено-политичките светови преку реконструкција на текстови (усно и писмено) размислувајќи и дејствувајќи во насока на задоволување на социјалната правда.

И покрај тоа што во последно време постојат заложби за задоволување на социјалната правда и обезбедување вклученост, односно инклузија на сите луѓе во општеството и покрај заложбите за промена на ставовите во образованието сепак можат да се забележат примери за недоволна инклузија во образованието. „Постојат структурални и културни контексти вклучувајќи нееднаков пристап до ресурсите, како и појава на институционален расизам..., но овие разлики во академското постигнување сè уште носат значајни социјални, економски и политички последици (Morrell, 2009: 96).

Постојат многу имплицитни аспекти на учењето на поучувањето кои не можат да се видат на прв поглед. Карен Галас (Karen Gallas, 2000) истакнува еден пример од практиката за нејзиниот неуспех да го мотивира седумгодишниот ученик Дензел со Афроамериканско потекло да чита и да пишува, па дури и да слуша кога се чита гласно текстот. На почетокот таа мислела дека детето потекнува од сиромашна семејна средина во која не е препозната вредноста на книгата, но после научила дека тоа не било случај: неговите родители биле добро ситуирани и високо образовани. Потоа помислила дека детето не добив доволно љубов и внимание од своите родители, но не била во право. По неколку безуспешни обиди и стратегии за да го мотивира Дензел да чита и пишува, таа сфатила дека сè што до тогаш имала применето не било соодветно за да може да влезе во светот на детето кој под влијание на африканската синкретична уметност на која ѝ припаѓал книгата служела само како основа за описменување, но не и за читање приказни. Според тоа како бил научен Дензел, приказните требало да се раскажуваат, а не да се читаат или да се слушаат. Усното раскажување приказни му овозможува на слушателот да влезе во светот на фикцијата со помош на изговорениот збор, музиката, танцот и драмата. Дензел мислел дека со читањето се убива приказната, токму поради недостатокот на магијата која можела да се предизвика со мимики, гестикулации, пеење и танцување. Дознавајќи го тоа, Галас конечно го сфатила отпорот што малиот Дензел го давал кога требало да се чита приказната и презела соодветни методски постапки во согласност со културата на која ѝ припаѓал Дензел.

Ледсон-Билинг (Ladson-Billing, 1995) истакнува дека образовната технологија, односно методскиот пристап што се применува во училиштата не води грижа за културните разлики меѓу учениците и токму заради тоа бил и неуспехот на африканско-американските деца во училиште кој во ниту еден случај не треба да се поврзува со интелектуалниот капацитет на децата, туку на фактот што тие припаѓаат на општествено маргинализирана група која како таква не добива соодветен третман во поглед на зачувувањето на нивните културни вредности во споредба со третманот што го добиваат децата што припаѓаат на доминантната култура. Оттука поимот културно одговорност се однесува на една поширока и подинамична или синергетска врска помеѓу домашната култура или супкултурата и училишната култура (Landson-Billing, 1995: 467).

Младите луѓе денес живеат во сосема поинакви општества во споредба со општествата во кои живееле нивните учители. Тоа во голема мера е под влијание на информацисko-комуникациската револуција којашто овозможува вистински пристап до многу извори на интерес. Оттука, практичарите забележуваат дека постои постојано намалување на академското постигнување на младата популација, а сето тоа е во корелација со појавата на новата технологија. Исто така постојат нешта кои се поврзани со супкултурата, а кои влијаат врз академското постигнување. Ернест Морел (Ernest Morrell, 2002: 72) се согласува со теоретичарите кои припаѓаат на Новото проучување на писменоста (New Literacy Studies) кои велат дека често пати, неуспехот на градските деца на училиште да развијат академска писменост не произлегува од недостатокот на интелигенција, туку од непристапноста на наставниот курикулум од страна на учениците кои не припаѓаат на доминантната култура. Морел се обидел да работи со нетрадиционални поетски текстови (употребувал рап песни наместо традиционални поетски текстови) за да ги мотивира учениците да учат и да размислуваат за своите дејства, но исто така и за да се најдат себеси во општествената заедница во која се вреднувани и ценети и прифатени, наместо да бидат осудувани и исмејувани како општествени битија. Морел и Данкан-Андрад (Morrell and Duncan-Andrade, 2005, 2005/06) ја вовеле популарната култура во наставата за да ги привлечат младите, но и да развијат критичка писменост кај нив.

Кампано и др. стават акцент на важноста на критичката писменост за развојот на меѓучовечките односи. Во духот на взаемна грижа и љубов тие дури даваат еден нов поим „коалициона писменост“, а овој вид писменост, според авторите, создава нова општествена средина во која човечката личност е сакана, ценета у почитувана. „Го дефинираме поимот коалициона писменост како критички социјални практики каде што членовите на заедницата го

употребуваат јазикот и писменоста преминувајќи ги културните граници за да учат едни од други и едни за други, да размислуваат почитувајќи ја општествената заедница, да ја поттикнуваат емпатијата и емоционалните поврзувања и да промовираат инклузија за да се направи прогресивна промена (Campano et al., 2013: 315). „Коалиционата писменост опфаќа стратегии со кои се прави анализа чии перспективи се застапени или не се застапени или на кои перспективи се дава примарно значење, дали постои разлика меѓу нашите ставови и ставовите на другите, но исто така и како може интелектуалниот авторитет да се (ре)дистрибуира подеднакво за сите“ (Campano et al., 2013: 324).

Од тоа како Кампано и др. (2013) го сфаќаат поимот коалициона писменост може да се заклучи дека тоа е еден вид критичка писменост која вклучува поврзување на луѓето преку емоции, мисли и дејства за да се изградат добри меѓучовечки односи, но и кршење на стереотипите. Тоа вклучува развивање на емпатија за остварување на заеднички општествени цели.

Релациите во кои имаме нееднаква распределба на моќта не се секогаш очигледни. Обезбедувањето еднаков пристап до образованието за сите деца припадници на различни култури и супкултури во основното образование не значи дека моќта е во нивни раце. Децата кои припаѓаат на етникум или култура која претставува малцинство, кога доаѓаат во училиште со себе носат специфична културна традиција карактеристична за културата на која ѝ припаѓаат. Тоа подразбира пеење традиционални песни, раскажување приказни, традиционални танци, начин на облекување, начин на однесување. Но, во училиштето треба да слушаат или читаат песни, приказни, да играат игри, да се облекуваат или да се однесуваат како другите кои припаѓаат на доминантната култура. Ваквата практика доведува до самоубедувањето од страна на малцинските групи дека творбите кои се предмет на анализа во училиштето се вредни за читање и анализа, а останатите, т.е. оние кои се исклучени, се помалку вредни, односно тој начин на однесување кој се слика во текстовите за анализа е добар, прифатлив, соодветен, а останатите – не. Не се ретки случаите кога припадници на една малцинска група се поистоветуваат со доминантната група, срамејќи се од својата вистинска етничка или културна припадност.

Во училницата во која се развива критичка писменост ученикот има активна улога во учењето, но тој е и во центарот на општествените случувања исто така. Се поаѓа од фактот дека училницата најчесто претставува една мултикултурна заедница чии припадници се чувствуваат дел од неа, бидејќи таа, од друга страна, ги почитува нив како луѓе кои можат да се реализираат себе си целосно. Така учениците, секој за себе, се субјекти кои активно се вклучени во реализацијата на своето *јас* и при тоа се свесни за својата позиција и за позицијата на останатите околу себе. Значи, за да направиме ученикот да биде активен, да биде субјект во наставата, треба да обезбедиме такви организациони претпоставки покрај кои тој самиот ќе сака да се вклучи во активностите кои се планираат за реализација.

Бидејќи во центарот на стекнувањето секој вид писменост е текстот и при развивањето на критичката писменост, како објект на анализа ќе биде текст исто така (во било која форма). Формата и содржината на текстот зависат од позицијата на авторот, целта која тој сака да ја оствари со текстот, од што директно ќе зависи и начинот на функционирање на јазикот употребен за репрезентација на идеите во него (избор на зборови, слики, контексти). Така, знаејќи дека сите текстови се идеолошка конструкција, во училницата во која се развива критичката писменост ќе се поставуваат следните видови прашања: Кој е авторот? Каков јазик е употребен? Дали целта е како читатели да бидеме убедени да веруваме во нешто? Чии гласови се присутни, а чии отсутни во текстот? Од чија перспектива е раскажана приказната? Пишувањето алтернативни текстови ќе биде откако учениците ќе сфатат како функционира јазикот и каква е всушност неговата моќ. На овој начин, се отвораат и другите алтернативни светови каде живеат луѓе чии гласови се испуштени од текстовите за анализа (намерно или многу често - ненамерно). Со тоа се прави обид кај малцинските групи (во однос на припадноста на одредена култура или супкултура или социјална припадност) повторно да се подигне самопочитта поради ставот дека не постои едно и единствено однесување, начин на живеење, кој од сите луѓе на светот ќе биде прифатен како исправен, туку секоја култура има

право на своја определба при одговарањето на прашања кои ги засегаат животите на своите припадници.

Поради горенаведеното, наставата каде се применуваат стратегиите за развој на критичката писменост станува поблиска на децата. Таа поаѓа од нивните интереси и желби. Така, текстот добива смисла затоа што се поврзува со секојдневниот живот на читателите (децата/учениците).

Референци:

1. Campano G. et al. (May, 2013). *Toward Community Research and Coalitional Literacy Practices for Educational Justice*, "Language Arts", 90 (5), pp. 314-326.
2. Dewey J. (1902) *The Child and the Curriculum,* University of Chicago, Chicago.
3. Dewey J., (6 July 2008) *Democracy and Education* The project Gutenberg e-book, Prod. David Reed and David Widger and retrieved from *www.gutenberg.org* on 16.12.2013.
4. Freire P. (1970) *Pedagogy of the oppressed*, Communist University, retrieved 15.12.2007 from 2007 http://amadlandawonye.wikispaces.com.
5. Gallas, K. (2000). Story Time as a Magical Act Open only to the Initiated: What Some Children Don't Knowabout Power and May Not Find Out, *Trends and issues in Elementary Language Arts,* Graham Bonny (Ed.), Urbana: National Council of Teachers, pg. 87-100;
6. Ladson-Billings, G, Autumn (1995) *Toward a Theory of Culturally Relevant Pedagogy*, "American Educational Research Journal", 32 (3), pp. 465-491.
7. Morrell E. (2002) *Toward a critical pedagogy of popular culture: Literacy development among urban youth*, "Journal of Adolescent and Adult Lit-eracy", 46:1, International Reading Association, pp. 72-77.
8. Morrell E. (n.d.), *Academic and Critical Literacy Development Through Engaging Popular Culture,* doctoral dissertation, University of Califor-nia, Berkley, USA.
9. Morrell E. (October 2009) *Critical Research and the Future of Literacy Education*, "International Reading Association", pp. 96-104, doi:10.1598/JAAL.53.2.1.
10. Morrell E., and Duncan-Andrade J. M. R. (2005/2006) *Popular Culture and Critical Media Pedagogy in Secondary Literacy Classrooms,* "In-ternational Journal of Learning", Common Ground Publishers, vol. 12, Melbourne.

СОВРЕМЕНА НАСТАВА

Ристо Грујовски,
директор

КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛИДЕРОТ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА УСПЕШНИ ПРОМЕНИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

УДК 37.091.113:37.012-043.7

1. Поим и значење на лидерството во образованието

Лидерството во образованието претставува процес на насочување, поддршка и влијание врз воспитно-образовниот процес со цел целосен развој на личноста на ученикот. За разлика од класичното менаџерско лидерство, педагошкото лидерство се темели на воспитни вредности, хуманост и професионална етика.

Во тие рамки, лидерството се разгледува како способност на директорот-лидер, да создаде средина која го поттикнува учењето, соработката и личниот развој. Педагошкиот лидер ја разбира психолошката и развојната димензија на учениците и ја прилагодува на својата улога согласно нивните потреби.

Значењето на лидерството во образованието се согледува преку неговото влијание врз квалитетот на наставата, воспитната клима и професионалниот развој на наставниот кадар.

Лидерството може да се дефинира како процес на влијание на поединци или групи со цел остварување на заеднички цели. Во образованието, лидерството има специфични карактеристики бидејќи се однесува на работа со луѓе, знаење и вредности. Образовниот лидер треба да ги разбере потребите на учениците, наставниците и поширокаата заедница.

Значењето на лидерството во образованието се согледува и преку неговата улога во унапредувањето на квалитетот на наставата, создавањето позитивна училишна клима и поттикнувањето на иновации. Истражувањата покажале дека силното лидерство има директно и индиректно влијание врз постигнувањата на учениците.

2. Потреба од промени во современото образование

Современото општество се карактеризира со брзи промени, особено во областа на технологијата на информациите. Традиционалните наставни методи сè почесто не одговараат на потребите на учениците. Поради тоа, образованието мора да се насочи кон развивање на критичко мислење, креативност и дигитални вештини.

Воведувањето на промените не е едноставна работа, имајќи го предвид високиот степен на расчекор на она што се очекува и добива од образованието, но и она што му е потребно на образованието.

Во секој случај, промените се неопходни во структурирањето и организирањето на образованието. Промените имплицираат развој, а со тоа се отвора можност за напредување на пазарот на трудот, вертикална и хоризонтална проодност, интегрираност, како и креирање на сопствено темпо и развој на компетенции, знаења и вештини.

Забрзаниот развој на науката и технологијата, како и социо-економските промени, носат потреба за модернизирање и додавање на креативност кај наставниот кадар, кој ќе помогне во практичното соочување со новите тенденции во образованието.

Промените во образованието може да се сфатат како состојба во која се наоѓаат воспитно-образовните институции.

Кога станува збор за промени во образованието, тие може да се однесуваат на ставови, на начинот на однесување, начинот на комуникација, наставните програми, методите на работа, начинот на оценување, образовното опкружување, сопственоста, атмосферата, училишниот одбор, а се однесуваат и на финансиските средства, наставната технологија, како и на организацијата на училиштата.

Имплементацијата на овие промени бара силно и одговорно лидерство.

3. Карактеристики на лидерот за имплементација на успешни промени во образованието

Според погоре кажаното, очигледно е дека клучната улога за спроведување на промените ја има лидерот. Така, според Стјуарт (Valerie Stewart, 1983), луѓето кои успешно менаџираат со промени ги имаат следниве карактеристики: имаат јасна цел што сакаат да ја постигнат, промените ги гледаат и од перспектива на другите, мислат на другите, не се конзервативни, планираат флексибилно, ја објаснуваат промената, ги вклучуваат вработените во промената, ја презентираат промената како рационална одлука, ги наградуваат успешните работници кои ја реализираат промената и успешно имаат спроведено повеќе промени.

Според Волински (Wolinski, 2010), лидерот треба да се одликува со системско мислење, способност за стратегиско тактизирање, агилност во организирањето, да изградува капацитети, да поседува креативност во комуницирањето и да е посветен на промената.

Со системското мислење, лидерот ја разбира функционалноста на организацијата, со сите нејзини елементи како што се: процесите, релациите, стратегиите, културните влијанија. Што се однесува до способноста за стратегиско тактизирање, лидерот треба да ги знае сите тешкотии на кои ќе наиде и можноста за нивно искористување, односно тактизирање.

Со организациската агилност, лидерот ги екипира човечките ресурси, позитивно влијае врз односите и меѓусебните релации на луѓето во организацијата, односно се одликува со емоционална интелигенција.

Способноста за изградување капацитети му обезбедува на лидерот успешно спроведување на промената.

Со креативната комуникација се подобруваат интерперсоналните односи и полесно се имплементира промената.

Посветеноста треба да е одлика на секој лидер и покрај ризиците кои се јавуваат при имплементацијата на промената.

Од анализа на горенаведеното, произлегуваат следниве неопходни карактеристики на лидерот за имплементација на успешни промени:

- стручни компетенции,
- визија како основа за успешно лидерство,
- комуникациски способности,
- стратешко планирање и донесување на одлуки,
- емпатиски способности,
- љубов кон работата и луѓето,
- флексибилност и толеранција,
- тимска работа и соработка,
- иновативност и употреба на технологија,
- мотивација на наставниот кадар,
- професионален развој и доживотно учење,
- етички квалитети и морални вредности,
- одговорност и отчетност.

3.1. Стручни компетенции

Поседувањето на стручните компетенцци го прават лидерот подготвен за управување со промените. Лидерот има знаење за специфичноста на промената, за видовите на промени кои се потребни во образованието. Тој е способен да го примени стекнатото знаење од областа **Менаџмент**, во конкретни ситуации. Со стручните компетенции, лидерот е способен да направи анализа на одлуките, планот и екипирањето за реализација на промената. Стручните компетенции на образовниот лидер претставуваат основа за ефективно управување, унапредување на наставниот процес и создавање на позитивна училишна клима.

3.2. Визија како основа за успешно лидерство

Визијата претставува јасна слика за посакуваната иднина на образовната институција. Лидерот треба да има способност да ја предвиди насоката во која треба да се развива

образованието и да ја претвори таа визија во конкретни цели. Јасната визија им помага на наставниците и учениците да ја разберат смислата на промените и да се чувствуваат дел од процесот. Лидерот кој има визија создава чувство на сигурност и насока, што е особено важно во период на реформи.

3.3. Комуникациски способности

Комуникацијата е еден од најважните аспекти на лидерството. Лидерот треба јасно и разбирливо да ги пренесе целите, очекувањата и промените до сите чинители во образовниот процес.

Комуникациските способности на менаџерот кој управува со промените ќе му помогнат успешно да ја образложи потребата од промени пред наставниците и соработниците, да ја координира и контролира целата ситуација и целиот процес на промени.

Отворената комуникација придонесува за градење доверба и намалување на отпорот кон промените. Лидерот кој активно слуша и ги почитува мислењата на другите создава позитивна работна атмосфера.

3.4. Стратешко планирање и донесување одлуки

Стратешкото планирање е процес преку кој лидерот ги дефинира целите, активностите и ресурсите потребни за нивно остварување.

Во образованието, ова подразбира анализа на постојната состојба, идентификување на проблемите и планирање на конкретни чекори за промена.

Лидерот треба да донесува одлуки врз основа на податоци, искуства и консултација со наставниот кадар. Вклучувањето на различни мислења придонесуваза подобри и поиздржливи одлуки.

3.5. Емпатиски способности

Лидерите кои се одликуваат со развиени емпатиски способности многу полесно и успешно ги гледаат промените од нечија друга перспектива. Тие можат да ја разберат и да направат ревизија на планот и програмата за имплементација на промената, да испланираат активности за намалување на отпорот кон промената.

3.6. Љубов кон работата и луѓето

Многу посебна и важна одлика на менаџерот е да чувствува љубов кон работата и луѓето во организацијата. Љубовта кон работата му овозможува целосно вложување, со сите свои капацитети, за реализација на промената. Љубовта кон луѓето овозможува правилно искористување на човечките ресурси за нивен професионален и личен развој.

3.7. Флексибилност и толеранција

Флексибилноста е способност на лидерот да се прилагоди на променливите услови и новите предизвици. Во образованието, не секоја промена може да се реализира според првичниот план, па затоа лидерот мора да биде подготвен за прилагодување.

Флексибилниот лидер ги прифаќа новите идеи и е отворен за иновации, што придонесува за поуспешна имплементација на промените.

Воведувањето на промена во организацијата може да предизвика страв, анксиозност, револт, одбивање и откажување на работните должности. Затоа лидерот мора да поседува способност за смирување на ситуација со начини за решавање конфликти и со покажување на личен пример на разбирање и толеранција.

3.8. Тимска работа и соработка

Имплементацијата на промените не може да биде индивидуален процес. Таа бара тимска работа и соработка меѓу наставниците, раководството и другите вработени.

Лидерот има задача да ја поттикнува соработката и да создава чувство на заедништво.

Тимската работа овозможува размена на идеи, споделување искуства и заедничко решавање на проблемите, што е од особено значење во образованието.

3.9. Иновативност и употреба на технологија

Современото образование сè повеќе се потпира на употребата на дигитални технологии. Лидерот треба да ја поддржува употребата на современи наставни алатки и да ги мотивира наставниците за нивна примена.

Иновативниот пристап придонесува за зголемување на мотивацијата на учениците и подобрување на квалитетот на наставата.

3.10. Мотивација на наставниот кадар

Наставниците се носители на образовниот процес и нивната мотивација е клучна за успехот на промените. Лидерот треба да создаде позитивна работна клима и да ги препознае напорите на наставниците.

Преку поддршка и охрабрување, лидерот придонесува за зголемена посветеност и професионализам.

3.11. Професионален развој и доживотно учење

Континуираниот професионален развој е неопходен за квалитетно образование. Лидерот треба да обезбеди можности за обуки, семинари и стручно усовршување.

Со тоа се унапредуваат компетенциите на наставниците и се зголемува нивната подготвеност за прифаќање на промените.

3.12. Етички квалитети и морални вредности

Етичкото однесување е основа на лидерството во образованието. Лидерот треба да постапува правично, одговорно и транспарентно. Со личен пример, лидерот влијае врз развојот на позитивна организациска култура.

Лидерот кој има високо развиени етички квалитети носи одлуки кои ја штитат личноста на соработниците кои се вклучени во имплементацијата на промените, покажува способност за смирување на ситуацијата со начини за решавање на конфликти и со покажување на личен пример на разбирање и толеранција.

3.13. Одговорност и отчетност

Лидерот е одговорен за резултатите од својата работа и од работата на институцијата. Лидерот има и централна улога во создавањето на позитивна училишна клима, која придонесува за подобри резултати и задоволство кај учениците и наставниците.

Отчетноста подразбира подготвеност за евалуација и подобрување.

Користена литература:

1. Миовска Спасева С., Андоновска-Трајковска Д., Селими Н. (2013). *Водство во образованието.* Скопје: Филозофски факултет.
2. Стојановски М. (2005). *Трансфер на промените во училиштата.* Битола: Педагошки факултет
3. Петковски К., Пеливанова Г. (2009). *Предизвиците на современото лидерство во образованието.* Битола: Хераклиј Комерц.

СОВРЕМЕНА НАСТАВА

Драгица Здравковска,
наставник по сообраќајни стручни предмети

СОВРЕМЕН КОНЦЕПТ НА ОБРАЗУВАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА НА КВАЛИТЕТ

УДК 373.5.013-021.465

Денешните организации под влијание на високата технологија и конкурентските односи на глобален план имаат променет однос кон работните процеси, па така знаењето станува клучен ресурс, а образувањето и обуките на вработените – начин на работа и опстанок. Менаџментот сè повеќе сфаќа дека константното образување и усовршување на вработените е еден од најефикасните начини на остварување на конкурентска предност. За да се одржи чекор со турбулентните промени во опкружувањето, организациите денес ги прифатија обуките и образувањето како реалност без која не може да се опстои. Не се работи повеќе за стекнување на конкретни вештини за побрзо и поквалитетно совладување на работните задачи (што го потенцира уште Тејлор), туку за целокупен спектар на различни образовни активности, кои се усмерени кон развој на потенцијалот, флексибилност и мобилност на вработените.

Современите организации се принудени сè повеќе да вложуваат во процесот на образување и обучување на вработените, со цел за континуирано преиспитување, унапредување и прилагодување на нивните знаења, вештини и способности. Притоа се поаѓа од претпоставката дека знаењето е моќ и основен капитал и генератор на развојот, но истовремено и човекова потреба и значаен мотивациски фактор.

Современите концепти даваат одговори на барањата на образовната организација, кои се однесуваат на обновување на нивоата на стручност на вработените. Овие концепти имаат за цел да ги развиваат вработените – тие да се оспособат за работа, вештини, решавање на проблеми, прифаќање на одговорност и соработка. Всушност, се карактеризира со поврзаност на целите на поединците и организацијата. Овие концепти се потребни на организации кои воведуваат систем на квалитет, сакаат да обезбедат синергија во ангажирањето на вработените и организациската целина, како и оспособување на раководството за мотивирање и ангажирање на вработените како заеднички би ги остварале целите на организацијата.

ЕДУКАЦИЈА НА ВРАБОТЕНИТЕ – во современите светски трендови не е доволно само да се учи, туку мора да се учи побрзо и подобро од конкурентските организации. Континуираното учење станува пат за континуирани промени, иновации и развој внатре во организацијата. Исто така, многу организации, денес, веруваат дека тоа е клучот за стекнување и одржување конкурентска предност на пазарот. Развојот на интелектуалниот капитал опфаќа:

- когнитивно знаење (да се знае што),
- напредни вештини (да се знае како),
- систематско разбирање и креативност (да се знае зошто) и
- индивидуално мотивирана креативност (да се сфати важноста).

Компаниите ширум светот инвестираат милиони во организирање различни видови на обуки. Правилно спроведена едукација дава заштеда која се гледа преку:

- ➥ зголемена продуктивност,
- ➥ знаење,
- ➥ предаденост и
- ➥ придонес на вработените во организацијата.

Секоја добро спроведена едукација има двостран и позитивен ефект. Таа придонесува, на личен план, вработените да го доживуваат напредокот и остварувањето на својот потенцијал, а на план на организацијата – подобар квалитет во производството на услуги заради добрата обученост. Така, континуираната едукација има јак позитивен мотивациски ефект врз вработените и организациската клима. Основен показател на добрата едукација мора да биде праксата т.е. задоволството на вработените со квалитетен ефект и пораст на индикаторите за успешност во работењето.

Учењето се сфаќа како процес во кој секој поединец активно учествува, а акцент се става на методите на самоучење, решавање на проблеми, вежбање, комуникација. Се менува и улогата на наставникот кој е сè помалку предавач, а сè повеќе модератор, иницијатор и мотиватор. Класичното предавање усмерено на содржината сè повеќе го отстапува местото на методите насочени на учесниците како што се: студија на случај, бура на идеи, играње улоги, креативни работилници и слично. Учењето се проследува со современи средства на комуницирање, како што е интернетот и видео техниката.

Влијание на обуките врз перформансите (Мотивација за учење/обука)

Кога во една организација ќе се појават одредени проблеми во работата и однесувањето на вработените, условени од недостаток на знаења и вештини, се јавува потреба за обучување и едукација. Адекватната и квалитетна размена на информации и знаења, како и протокот на тие информации добиени преку најразлични видови обуки, се важни фактори во стручното усовршување и развојот на вработените во образованието, што, пак, ќе придонесе за подобрување на целокупните организациски перформанси. Тоа може да влијае на мотивацијата на оние наставници кои не учествувале во програмите и обуките за усовршување и тоа да биде мотив за нивен иден професионален развој.

Мотивацијата за учење е желба на учесниците да ја усвојат содржината на програмата за обука и поврзана е со усвојување на знаења, промени во однесување или стекнување на вештини за време на обуката. Мотивацијата за учење е важна **пред, за време и после обуката** и треба да се поттикнува низ образовниот процес. Во овој дел на процесот влијаат input, output, резултати и повратни информации. За учесниците да бидат мотивирани да учат, мора да бидат запознаени со своите слаби и силни страни, односно да сфатат дека постои јаз помеѓу знаењето кое го поседуваат и потребното знаење за извршување на работата. Тие информации ги добиваат по оценувањето на перформансите. Менаџерите би требало на вработените да им објаснат за врската помеѓу наученото на обуката и подобрувањето на нивните слаби страни, односно перформанси, и дека дури после примена на наученото на работното место можат да очекуваат евентуално напредување. Важно е за тоа отворено да разговараат земајќи ги предвид желбите и ставовите на вработените во врска со нивните лични цели и ставови во врска со развојот на кариерата. Учесниците кои имаат позитивни очекувања и висока мотивација се поспремни за обука и имаат позитивни исходи, и обратно, учесниците кои имаат негативен став и не се многу мотивирани ќе имаат потешкотии во текот на обуката. Затоа е важно да се пронајде причината и да се отстрани пред почетокот на обуката.

Порано, обуката и развојот не беа гледани како активност која би можела да помогне во организацијата за да се направи „додатна вредност“ и успешно да се спротивстави на конкурентските предизвици. Но, денес, организациите ги користат **обуките како оружје** во постигнување на конкурентска предност. Образовните организации, како и сите други, се соочуваат со големи промени поради новите технологии, развој на знаења, глобализација, нови услови во работењето и мораат да преземат чекори за да имаат квалитетен човечки капитал кој може да одговори на таквата новонастаната ситуација. Инвестирањето во вработените низ обуки за да се зголеми нивното знаење, способност и вештини, има влијание врз самите вработени така што се зголемува нивната мотивација и задоволство, организационите резултати, зголемената продуктивност, иновации согледани во повеќе организациони исходи како: зголемување на услугите, намалена флуктуација на вработните, намалени отсуства, посветеност, клима и др.

Карактеристики на учесниците на обуката

Врз ефикасноста на обуката влијае не само анализата на потребите и квалитетното дизајнирање на програмите за обука, туку и спремноста на вработените да влијаат т.е. дали вработените поседуваат карактеристики, способност, вештини, мотивација, ставови и очекувања потребни за усвојување на содржините на програмите и дали можат стекнатото знаење да го применат на работните активности кои ги изведуваат. Утврдувањето на

специфичните индивидуални карактеристики е од најголема важност како би се зголемила веројатноста дека промената во однесувањето и подобрувањето на перформансите ќе резултира со учество во програмите за обука.

Спремноста за обука (trainability) се опишува како функција за способност и мотивација на учесниците на обуката, односно како степен во кој учесниците на обуката се во состојба да го научат и применат материјалот кој е во програмата на обуката. Може да е корисно за разбирање да се знае зошто учењето, промената во однесувањето и подобрувањето на перформансите се разликуваат помеѓу учесниците.

Обуката и образувањето влијаат на перформансите на организацијата ако се ускладени со стратешките цели на организацијата и интегрирани во функција на управување со човечките ресурси и тоа:

- Постои позитивно влијание од обуките и образувањето на мотивацијата на вработените, како и на задоволството во работата.
- Образувањето и обуката на вработените може да биде и трошок, а не инвестиција на организацијата доколку не се ускладени со организационите цели и потреби на вработените и обратно.
- Образувањето / обуката обезбедуваат обликување на однесувањето на наставниците во правец на постигнување на организациските цели.

БЕЛЕЖИМЕ

Меморандум за соработка и УПР на графичката струка во НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола

Националната установа – Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола и СОУ „Таки Даскало“ – Битола склучија Меморандум за соработка, со што се поставува цврста основа за долгорочно партнерство во областа на образованието, практичната настава, културата и воопшто, младинскиот развој. Во рамки на оваа соработка, покрај набавката на задолжителни лектирни изданија за учениците од I до IV година средно гимназиско и стручно образование, како и реализацијата на различни настани и едукативни активности, Библиотеката активно учествува и во спроведувањето на Учење преку работа кај работодавач за учениците од четврта година, графичка струка, графички техничари.

Учењето преку работа се реализира во Одделението за заштита и репрографија, под менторство на Јулијана Христовска-Кулевска и проф. Весна Мундишевска-Велјановска, каде што учениците, меѓу другото, работат на реставрација на книги, односно изведуваат активности за: изработка на корици, укоричување, лепење и шиење, по што учениците се и формално оценети за нивната практична настава што е најзначаен дел за нивното формално образование.



Со ваквите активности и низата заеднички проекти, Меморандумот за соработка добива своја конкретна и суштинска примена, а двете институции заеднички придонесуваат кон развојот на знаењето, креативноста и професионалните вештини кај младите, со што учениците директно се оспособуваат за вклучување на пазарот на трудот.

СОВРЕМЕНА НАСТАВА

Даниела Митревска,
заменик директор

ЗНАЧЕЊЕТО И ПРИДОБИВКИТЕ ОД ЕРАЗМУС+ ПРОЕКТИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

УДК 37:005.8(4-6EU:497.7)

ЕРАЗМУС+ е европска програма која има за цел унапредување на квалитетот на образованието преку **меѓународна соработка, размена на искуства и мобилност**. Преку овие проекти образовните институции се поврзуваат со училишта и организации од други земји, што придонесува за модернизација на наставата и развој на клучни компетенции кај сите учесници.

Придобивки за учениците:

- Подобрување на јазичните вештини, особено по странски јазици.
- Развивање на меѓукултурна свест и толеранција.
- Зголемена самодоверба, самостојност и мотивација за учење.
- Стекнување на нови знаења и практични вештини преку работа на реални проекти.
- Подобрување на дигиталните и социјалните компетенции.
- Подобра подготовка за идно образование и за пазарот на труд.

Придобивки за училиштето:

- Подобрување на квалитетот на наставата преку иновативни методи и добри практики.
- Зголемување на меѓународната соработка.
- Модернизација на наставните програми и воведување нови образовни алатки во наставата.
- Јакнење на тимската работа и организациската култура.
- Поттикнување на позитивна и европска димензија во образованието.
- Подобрен углед и европска препознатливост на училиштето.
- Вклучување на родители и на локалната заедница.
- Одржливи резултати кои ќе се користат и по завршувањето на проектот.

Придобивки за наставниците:

- Професионален развој и усовршување на педагошките и методолошките вештини.
- Размена на искуства со колеги од други европски земји.
- Подобрување на јазичните и дигиталните компетенции.
- Зголемена мотивација, креативност и иновативност во наставата.
- Можност за воведување современи и интерактивни наставни методи.

ЕРАЗМУС+ проектите претставуваат силна алатка за развој на учениците, наставниот кадар и училиштето како целина. Тие придонесуваат за создавање на **квалитетно, инклузивно и современо образование**, усогласено со европските стандарди.

Придобивки од ЕРАЗМУС+ проектите за Република Северна Македонија

ЕРАЗМУС+ проектите имаат значајна улога во развојот на воспитно-образовниот, општествениот и економскиот потенцијал на Република Северна Македонија. Преку активното учество во европски образовни програми, државата се позиционира како дел од современото европско образовно пространство. ЕРАЗМУС+ придонесува за модернизација на образовниот систем преку воведување иновативни наставни методи, нови курикулуми и европски образовни стандарди. Учениците и наставниците стекнуваат знаења, вештини и компетенции кои ја

зголемуваат нивната конкурентност и придонесуваат за создавање квалитетен и стручен кадар во државата. Со создавање можности за личен и професионален развој во рамки на земјата. ЕРАЗМУС+ проектите ја намалуваат тенденцијата за одлив на млади луѓе и поттикнуваат нивна активна вклученост во општеството.

Преку партнерства со европски земји, Македонија го зајакнува својот меѓународен углед, економски развој и гради позитивен имиџ како држава што инвестира во знаење, образование и европски вредности. ЕРАЗМУС+ промовира толеранција, инклузивност, демократија и меѓукултурен дијалог, придонесувајќи за посилно и поотворено општество. ЕРАЗМУС+ проектите не се само образовна можност, туку и стратешка инвестиција во иднината на Република Северна Македонија, нејзините млади, институциите и целокупен општествен развој. Преку бројните активности во рамки на проектите се врши промоција на културното наследство, преку посети на културни и историски знаменитости, меѓукултурни вечери и настани. Тоа доведува до поттикнување на европските вредности и толеранција. Подоброто образование и поквалитетниот кадар имаат директно влијание врз економскиот развој, вработливоста и конкурентноста на Македонија на европскиот пазар.

СОУ„Таки Даскало“ – Битола има големо искуство од учество во ЕРАЗМУС+ проекти. Досега реализирани се вкупно 14 проекти од кои 3 од **КА1–акција** (фокус на *поединецот* наставник, стручен кадар) со следните активности:

- Мобилност на наставници и стручен кадар.
- Учество на обуки, курсеви и семинари во странство.
- Job shadowing – следење на работата на колеги во партнерски училишта.
- Развој на педагошки, методолошки и дигитални вештини.
- Посета на образовни институции и учење од добри практики.
- Интеркултурни активности и јазична подготовка.
- Користење дигитални платформи за учење и соработка.
- Истражувачки активности и решавање проблеми, менаџирање.
- Подобрување на училишната клима и меѓусебните односи.
- Дисеминација на стекнатите знаења по враќање во матичната институција.

Реализирани се и 11 проекти од **КА2–акција** (фокус на *институцијата и партнерството)* со следните активности:

- Партнерства помеѓу училишта и образовни институции од различни земји.
- Заедничко планирање и имплементација на проектни активности.
- Развој на иновативни наставни материјали, курикулуми и методологии.
- Краткорочни и долгорочни мобилности.
- Меѓународни проектни состаноци со физичко присуство и онлајн.
- Заеднички истражувачки и тимски активности – Работа во меѓународни тимови.
- Дигитална соработка и виртуелни размени.
- Организирање работилници, настани и обуки.
- Активности за инклузија, одржлив развој и европски вредности.
- Дисеминација, промоција и одржливост на резултатите.
- Креирање заеднички наставни материјали.
- Подготовка на презентации, постери и видеа.
- Изработка на веб-страници и дигитални портфолија.
- Активности за социјална инклузија.
- Поддршка на ученици со потешкотии и помалку можности.
- Еко-акции, работилници за одржлив развој.
- Поттикнување на зелени и одговорни практики.

Од 2024 до 2027 година во СОУ„Таки Даскало“ – Битола во тек на реализација се два проекти. Едниот од нив е „**Обединети училишта**“ во кој се вклучени ученици со посебни образовни потреби. Главна цел и очекувани резултати се:

- Нашето училиште да биде позитивен пример за инклузивно образование на локално и национално ниво и да станува пример за вистинска инклузија, покажувајќи дека различностите се вредност, а не пречка.
- Активно вклучување на ученици со различни способности и социјални позадини, поттикнување на еднаквост, толеранција и меѓусебно почитување, градење безбедна и поддржувачка училишна средина.
- Подобрување на социјалните, комуникациските и емоционалните вештини, зголемена самодоверба и чувство на прифатеност, развивање на практични и животни вештини, учење во поддржувачка, безбедна и мотивирачка средина, поттикнување на независност и самостојност, создавање на еднакви можности за сите ученици, подобрување на училишната клима и меѓусебните односи.
- Зајакнување на инклузивната култура во училиштето преку одржливи модели за работа со (SEN) ученици кои ќе продолжат и по проектот, а воедно и развивање на емпатија кај другите ученици.

Другиот тековен проект е „**Единствени и активни**“ чија главна цел е зголемување на благосостојбата на учениците на училиште. За таа цел ќе планираме, тестираме, спроведуваме, оценуваме и прилагодуваме планови за часови со физичка активност по различни наставни предмети. Ќе се фокусираме на употребата на дигитални алатки и технологија во текот на целиот процес, притоа почитувајќи ја природата на секој предмет. Ќе ги поттикнуваме и традиционалните и помодерните активности.

Поддршката на наставниците, пак, ќе се овозможи со развивање на збирка на наставен материјал и планови за часови што може да се искористат за да се постигне инклузија и зголемено учење или подобри училишни резултати.

ЕРАЗМУС+ проектите не се само образовна можност, туку и стратешка инвестиција во иднината на Република Северна Македонија, нејзините млади, институциите и целокупниот општествен развој.

СОВРЕМЕНА НАСТАВА

Кики Младенова,
наставник по Англиски јазик

ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ

УДК 028.1:165.242.2

Читањето е процес на интеракција помеѓу ученикот, наставникот и текстот. Во оваа смисла, учениците како читатели, комуницираат со текстот, со другите читатели и со наставниците. За некои лингвисти читањето и слушањето претставуваат пасивни јазични вештини за восприемање на знаење, а пишувањето и зборувањето – активни, односно продуктивни јазични вештини. Додека други, како Смит (Smith 1978), го дефинираат читањето како активна вештина, односно процес на извлекување значење од напишан или печатен текст. Според него, читателите активно комуницираат со текстот за да го разберат неговото значење.

Доловувањето на главните идеи, коментирањето за текстот и одговарањето на прашањата за да се провери колку учениците го разбрале текстот, се само некои од формите за активно вклучување на ученикот во читањето. Она што учениците го добиваат од читањето и слушањето, всушност им помага да ја разберат добиената комуникација, додека пак она што учениците го добиваат од другите две вештини, зборувањето и пишувањето, им помага да ги пренесат нивните идеи на другите.

Читањето со разбирање е многу повеќе од буквално одговарање на прашањата дадени на крајот од еден расказ, приказна или глава. Тоа претставува еден тековен процес на развивање на мислењето, поточно, под поимот *читање со разбирање* се подразбира процес на создавање значење од текст, односно процес кој вклучува декодирање на зборовите на писателот и употреба на претходното знаење за да се разбере пораката на писателот.[1] Кога читателите читаат со разбирање, тие всушност водат внатрешен разговор со текстот и одговараат на прочитаното со задоволство, зачуденост или бес. Тие го испитуваат текстот, водат дискусија со него, климаат со главите кога се согласуваат со напишаниот текст, поврзуваат, поставуваат прашања и изведуваат заклучоци, сè со цел подобро да го разберат она што го читаат и да научат од она што читаат. Кога учениците се внесуваат во текстот и го слушаат нивниот внатрешен разговор, тие го подобруваат нивното разбирање за текстот, го прошируваат нивното знаење и проникнуваат сè подлабоко во суштината на напишаниот текст. Познатата писателка за деца Madelıne L'Engle вели „Читателите често во голема мера ја потценуваат својата важност. Писателот и читателот се „познаваат“ еден со друг и се сретнуваат на мостот на зборовите“.

Како наставници, ние треба да ги учиме учениците да читаат стратешки и ефективно и секогаш треба да им покажуваме колку е важно нивното размислување додека читаат. Наша задача е да ги убедиме дека нивните мисли, идеи и интерпретации се навистина важни.

Читањето со разбирање како комплексен процес, во кој сите читатели не ја интерпретираат пораката на авторот на ист начин, е тесно поврзано со претходното знаење на читателот за темата, неговото знаење за јазичната структура, структурата на текстот и жанрот, познавањето на когнитивните и метакогнитивните стратегии, неговата способност за резонирање, неговата мотивација и нивото на вклученост.

Исто така, читањето со разбирање е условено од **квалитетот на материјалот** што се чита. Некои писатели се подобри од другите, а некои пак создаваат покомплексни материјали за читање од другите. Текстот кој е добро организиран и јасен се вика „разбирлив текст“, а текстот кој е лошо организиран и тежок за разбирање се вика „неразбирлив текст“. Колку текстот е понеразбирлив, толку повеќе бара од читателот да вложи напор за да го разбере текстот. Читателите на кои им недостасува претходно знаење, способност и мотивација потребни за надминување на бариерите презентирани во неразбирливиот текст, потешко ќе ги разберат ваквите текстови.

[1] Keith Lenz, Ph.D., Teaching Tools, University of Kansas 66045

Учениците кои имаат проблем со **декодирање и препознавање на зборовите**, ќе имаат и потешкотија со читањето со разбирање. Ваквите ученици кои се борат со декодирањето поретко имаат шанса да работат со потежок текст и често развиваат одбивност кон читањето. Како резултат на ова, ваквите ученици немаат доволно можности да ги развиваат јазичните вештини и стратегии кои се неопходни за еден компетентен читател. Оттука, на учениците со слабо развиени јазични вештини и стратегии, не само што ќе им недостасуваат соодветни алатки неопходни за совладување на очигледните структури и разбирањето на разбирливиот текст, туку и некои повисоки алатки потребни за надминување на бариерите на неразбирливиот текст.

Видот на инструкции коишто ученикот ги добива во голема мера влијаат на читањето со разбирање. Стратегиите за подобрување на читањето со разбирање мора да се предаваат и да се учат директно од наставникот. Самиот чин на обезбедување на можности за читање или барањето од учениците да читаат, нема да ги научи учениците да ги применуваат стратегиите за читање со разбирање и да читаат со разбирање. Тие мора да се предаваат директно, додека учениците учат да читаат едноставни реченици и ваквите директни инструкции мора да продолжат во основното и средното образование, но во различни форми и облици.

СУШТИНСКИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ И ПРЕДАВАЊЕ НА ЧИТАЊЕТО СО РАЗБИРАЊЕ

Големиот број на истражувања спроведени во областа на образованието ја истакнуваат исклучително важната улога на наставникот и неговите инструкции во процесот на читањето со разбирање кај учениците. Според истражувањата, квалитетниот наставник со квалитетни и ефективни инструкции за читање со разбирање може лесно да ги преброди, односно надмине слабостите во читањето со разбирање коишто учениците ги носат со себе во училиштето. Можеме да заклучиме дека улогата на наставникот во процесот на читањето со разбирање е од голема важност, посебно кога се работи за комплексни когнитивни задачи како читањето со разбирање.

Што го прави наставникот кој предава читање со разбирање успешен? Какви треба да бидат инструкциите за читање со разбирање за да бидат ефикасни за поголем број на ученици?

Тука ќе се задржиме на 10 основни елементи на ефективни инструкции за читање со разбирање кои секој наставник би требало да ги вклучи во неговиот час за да го поттикне (негува – охрабри) и предава читањето со разбирање. Тие се:

1. Градење (создава) знаење за соодветната дисциплина (предмет) и за светот.
2. Да овозможи пристап на учениците до што поголем број на разновидни текстови.
3. Да обезбеди текстови со мотивирачки карактер.
4. Да ги предава и да ги запознае учениците со стратегиите за читање со разбирање.
5. Да ги предава и да ги запознае учениците со структурите на текстот.
6. Да ги вклучува учениците во дискусија.
7. Да го гради и подобрува вокабуларот и знаењето за јазикот.
8. Да ги интегрира читањето и пишувањето.
9. Да набљудува и оценува.
10. Да прави разлика во инструкциите.

За да разбереме зошто овие 10 елементи се неопходни во предавањето на читањето со разбирање, пред сè мораме да ја разбереме самата природа на читањето со разбирање. Односно, прво ние како наставници, мораме да разбереме како доброто читање со разбирање создава значење, за да потоа им помогнеме на учениците да научат да создаваат значење на истиот начин.

Во последните 20 години, психолозите кои се занимаваат со развојот на когнитивните процеси кај учениците имаат постигнато консензус за природата на разбирањето. Од сите актуелни модели, моделот на Kintsch (1998.2004) – на *Конструкција-Интеграција* е препознатлив како најцелосно развиен модел. Овој модел споделува доста работи со постариот, но не помалку попопуларен модел познат како *Теорија на Шемата на* (R.C. Andreson & Pearson, 1984). И во двата модели се истакнува централната улога на претходното знаење на читателот во процесот на читање со разбирање: Во процесот на разбирање ние го носиме нашето знаење и токму тоа знаење го обликува нашето разбирање. Кога разбираме, ние всушност стекнуваме нова информација која го менува нашето знаење, кое станува достапно (е на располагање) за ново

разбирање. Така, во еден ваков позитивен круг, знаењето зачнува разбирање кое зачнува знаење и така натаму. Во суштина, ние читаме буквално и добиваме поголемо знаење за светот и поголем капацитет за разбирање.

Двата термини употребени во името на моделот на Kintsch, *конструкција* и *интеграција*, се круцијални во процесот на разбирање. Поточно, кога читаме, ние го употребуваме нашето знаење заедно со нашата перцепција за она за што мислиме дека се зборува во текстот, за да изградиме или создадеме ментални презентации за значењето на текстот. Еднаш штом овие ментални презентации се создадени, можеме да ги интегрираме информациите во овие модели со знаењето кое е сместено во нашиот ум. Кога ќе ја достигнеме таквата интеграција, тоа се нарекува учење, бидејќи знаеме повеќе од она што го знаевме пред да настапи процесот на читање.

Во моделот на Kintsch, важни се две нивоа на интерпретации: основата на текстот и моделот на ситуација. За Kintsch основата на текстот го вклучува правилното/прецизното читање на текстот каде целта е запознавање со клучните идеи на текстот и нивно внесување во работната меморија. Сепак, знаењето игра исто така клучна улога дури и во градењето на тоа правилно/прецизно читање на текстот. Ние го употребуваме нашето знаење за светот заедно со знаењето за тоа како функционира јазикот и текстот за да ги поврзиме речениците едни со други со помош на логичното изведување на заклучоци, со цел да изградиме или создадеме една кохерентна претстава за тоа што се зборува во текстот. Поврзувањето на заменките со нивните именки е еден вид на поврзување и изведување заклучоци, на пример, да се сфати дека заменката „тој“ во реченицата 2 се однесува на именката *Петар* во реченицата 1:

1. Петар очајно сакаше да купи нов велосипед.
2. Тој најде работа после часови како помошник во колонијалот кој се наоѓаше во близина на неговата куќа.

Друг вид на изведување на заклучоци се логичните поврзувања помеѓу идеите или настаните во текстот. Во речениците погоре, логичното изведување на заклучок за поврзување на идеите се состои во откривањето на фактот дека желбата за нов велосипед е клучен мотив за поттикнувањето на Петар да најде работа во супермаркетот. Видот на читање кое треба да биде вклучено при конструирањето на основата на текстот е „читај внимателно/темелно за да одредиш јасно за што точно се зборува во текстот“ (CCSSO & NGA,2010, p.10).

Второто ниво на интерпретација, моделот на ситуација, е кохерентната ментална претстава за настаните, дејствијата и условите во текстот којшто ја прикажува интеграцијата на основата на текстот со релевантното претходно знаење на читателот складирано (запамтено) во неговата долготрајна меморија. За да се развие еден успешен модел на ситуација, читателот мора да задоволи два стандарди:

- моделот мора да биде конзистентен со основата на текстот за да овозможи прецизно читање на текстот и
- моделот мора да кореспондира (одговара на) со нивното релевантно претходно знаење за светот.

Да појаснеме, учениците мора да ги интегрираат информациите од основата на текстот (односно, зборовите, речениците, параграфите) со достапното и релевантно претходно знаење сместено во долготрајната меморија и тоа добро да се обликува и вметне во моделот на ситуација за значењето на текстот во таа фаза од процесот. Ако основата на текстот го искажува она за што се зборува во текстот, тогаш моделот на ситуација би го искажувал значењето на текстот. Кога учениците го градат моделот на ситуација, тие повеќе се потпираат на претходното знаење и на процесот на донесување заклучоци, отколку кога ја градат основата на текстот. Во нашето сценарио за Петар и супермаркетот, на пример, потпирајќи се на оскудните информации од основата на текстот, учениците можат да заклучат дека Петар е мотивирана, независна и самостојна личност која го разбира фактот дека ако сака нешто да добие, мора да работи напорно. Авторите на раскази често намерно ги изоставуваат мотивите коишто ги покренуваат/потикнуваат ликовите на конкретната активност/дејствије во приказната бидејќи очекуваат од читателите да го активираат нивното претходно знаење, животно искуство и карактерот за да изведат заклучоци за мотивите на ликовите.

Конструирањето на моделот на ситуација е клучно за читањето со разбирање и тоа е всушност, маханизмот кој им овозможува на читателите да го интегрираат веќе познатото (претходното знаење) со прочитаното (она што го читаат) со цел да изградат ново знаење. Овие нови конструирања ќе ги модификуваат или заменат оние кои се наоѓаат, односно, кошто се сместени во долготрајната меморија. Исто како што знаењето го поттикнува разбирањето, така и разбирањето му нуди на читателот ново знаење за да го модифицира постоечкото знаење во долготрајната меморија. Овај вид на читање се истакнува во стандардите 7, 8 и 9 за читањето од CCSSO & NGA 2010:

7. Интегрирајте ја и направете визуелна, квантитативна и со зборови евалвација/проценка на содржината презентирана во различни медиуми и форми.
8. Опишете ги и направете проценка на аргументите и конкретните барања во текстот, вклучувајќи ја и основаноста за таквото размислување, како и релевантноста на доказите.
9. Анализирајте како два или повеќе текста разработуваат слични теми со цел да изградат знаење или за да ги споредат пристапите кои авторите ги применуваат.

Кога станува збор за градење на модел, вештите ученици/читатели имаат неколку предности пред просечните. Тие покажуваат поголема способност при обработката на текстот – почнувајќи од препознавањето на зборовите и нивно течно читање до примена на вештини и стратегии за создавање/конструирање на значење, вклучувајќи ги и оние кои се идентификувани во табелата подолу. Понатаму, учениците кои се вешти читатели исто така поседуваат поголема резерва/залиха на знаење, како што е знаењето за јазикот (на пример: вокабулар, граматика, сложена синтакса), знаење за текстовите (на пример: структурите на текстовите и алатки за текстовите) и на крај знаење за светот (за различни дисциплини и области). Оттука, вештите читатели покажуваат поголема спремност и способност во интегрирањето на што поголем број на релевантни елементи од основата на текстот и во аплицирање на пошироко и посуштинско знаење при конструирањето на моделот на ситуација. Исто така, **вештите** ученици се помотивирани и повклучени читатели кои читаат често и многу и така го продлабочуваат нивното знаење и нивните способности и вештини.

Што прават добрите ученици кога читаат?
* Добрите читатели се активни читатели. * Од почеток, тие имаат јасна цел за нивното читање и постојано проверуваат и прават проценка дали текстот и нивното читање ја задоволува нивната цел. * Добрите читатели редовно го разгледуваат текстот пред да почнат да читаат, забележувајќи ги деталите како што се структурата на текстот и деловите на текстот кои би можеле да бидат од големо значење за остварувањето на нивната цел во читањето. * Додека читаат, добрите читатели постојано предвидуваат за тоа што би можело да следи во текстот. * Тие читаат селективно, континуирано носејќи одлуки за нивното читање – што да читаат внимателно, што да читаат брзо, што да препрочитаат, а што да не читаат воопшто. * Добрите читатели конструираат, ревидираат и поставуваат прашања за направеното значење во процесот на читањето. * Добрите читатели се обидуваат да го одредат значењето на непознатите зборови и концепти во текстот и се справуваат со недоследностите и празнините како што е потребно, односно, на најдобар можен начин. * Добрите читатели влечат од, споредуваат со и го интегрираат нивното претходно знаење со материјалот во текстот. * Тие размислуваат за авторот на текстот, неговиот стил, верувања, намери, средината и времето во кое творел итн. * Добрите читатели го контролираат/проверуваат нивното разбирање за текстот и го усогласуваат/адаптираат таму каде што е потребно. * Добрите читатели прават проценка на квалитетот и вредноста на текстот и реагираат на разни начини и интелектуално и емоционално. * Добрите читатели ги читаат различните видови на текстови различно. * Кога читаат раскази, добрите читатели се држат блиску до местото и ликовите. * Кога читаат текст кој објаснува, добрите читатели постојано го резимираат и контролираат она што го имаат прочитано. * За добрите читатели, обработката на текстот не се случува само за време на читањето – традиционалната определба, туку и за време на кратките паузи во текот на читањето, па дури и откако читањето ќе заврши. * Разбирањето е континуирана и комплексна активност која бара/одзема доста време, но за добрите читатели, тоа е продуктивно и им нуди задоволство.

СЕМИНАР-РАБОТИЛНИЦИ

Миле Атанасоски,
наставник по графички стручни предмети

ОБУКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ОД ГРАФИЧКАТА СТРУКА

УДК [373.5016:655.02]:[37.091.12:005.963.5]

Во рамките на графичката струка/сектор графичарство, во текот на 2024/25 година, од страна на Центарот за развој на стручното образование, во рамките на проектот за „зазеленување“ на наставни планови и програми, финансиран од УНИЦЕФ, беа извршени неколку интервенции во наставната програма **Графички материјали** за прва година. Целта на тие интервениции е развивање на еколошка свест и примена на одржливи практики при користење на хартија, графички бои, лепила и пластични маси со цел заштита на животната средина и рационално користење на природните ресурси и развивање на дигитални вештини преку користење на алатки, ИКТ и други ресурси, преку која учениците ќе се оспособат да дејствуваат соодветно во рамките на струката/секторот, со што ќе придонесат за чиста животна средина.

Изработен е и прирачникот кој содржи структурирани наставни активности кои го поврзуваат теоретското знаење со практичната примена, со акцент на одржливи решенија и користење дигитални алатки. Со ова, прирачникот поттикнува активно учество на учениците, развој на нивната еколошка свест и подготовка за занимања од иднината. Прирачникот е наменет за наставници и ученици и има за цел преку теоретски дел, задачи, вежби и проектни активности, да обезбеди успешна реализација на соодветната наставна програма. За да се продлабочат знаењата, прирачникот содржи и дополнителни насоки / адреси / литература за пребарување. Дел од прирачникот е и толковникот на нови поими.

Во рамките на проектот беше предвидена и реализирана обука на наставниците од графичката струка. Обуката се одржа на 13 и 14 август 2025 год., а во неа учествуваа наставници од нашето училиште во Битола, но и наставници од средните училишта во Прилеп, Скопје, Гостивар и Кичево, односно таму кадешто се реализира настава за ученици од графичка струка, првенствено наставниците кои ја реализираат наставата по предметот Графички материјали. Обуката се реализираше онлајн, а обучувачи беа Ардијана Исахи Палоши, советник од Центарот за развој на стручното образование – Скопје и Миле Атанасоски, наставник по графички стручни предмети во СОУ „Таки Даскало“ – Битола.

На обуката најпрво беа презентирани информации за интервенциите во наставната програма Графички материјали, поточно резултатите од анализата на модуларните единици, дефинирањето на резултатите од учење, критериумите за вреднување и активностите и методи за реализација на содржините поврзани со еколошката одржливост и користењето на дигиталните алатки. Беа дадени и насоки за планирање, реализирање и евидентирање на содржини за реализација на целите на наставната програма.

Во продолжение на обуката, во детали беше презентиран прирачникот по „Графички материјали“ за ученици и наставници, при што учесниците беа запознати со содржината и структурата на ова помагало. Беше истакнато дека овој прирачник не го заменува веќе постоечкиот учебник, туку го надополнува во содржини од еколошка одржливост и дигитални вештини, но и предлага голем број на активности кои наставниците можат да ги реализираат во текот на наставата. Во текот на обуката беа изведени неколку интерактивни активности со учесниците во најголем дел во форма на дискусии за содржината на прирачникот но и неколку активности во кои учесниците изложуваа сопствени искуства од реализацијата на одредени содржини од програмата, како и предлози и креативни решенија за еколошките предизвици со кои се соочува графичарството. Учесниците на обуката зедоа активно учество со што придонесоа за поефикасна имплементација на прирачникот во наставата во своите училишта.

ПРИМЕРИ ОД НАСТАВНАТА ПРАКТИКА

Милица Димитријовска-Радевска,
наставник по македонски јазик и литература

ВОДИЧ ЗА ОЧЕКУВАЊЕ И РЕАКЦИЈА

УДК 373.5.091.32:821.133.1-31

Оваа стратегија е дел од обуките на СЕА проектот „Учење во училница“. Истата поттикнува активно читање при реализација на часовите за книжевна анализа на делата. Учениците се фокусирани на најсуштествените проблеми во делото, заземаат став за клучните прашања, дискутираат, споделуваат искуствено и наведените фрагменти од делата можат да ги искористат за цитирање во писмените трудови.

Наставен предмет: Македонски јазик и литература
Наставна тема: Романтизмот во светската литература
Наставна единица: Оноре де Балзак „Чичко Горио“ – книжевна анализа на романот.

Цели на часот:
- учениците да ги активираат своите знаења за животот и литературната дејност на претставникот на францускиот реализам Оноре де Балзак,
- учениците да го прочитаат делото „Чичко Горио“ и да умеат да ги издвојат особеностите на реализмот во истото,
- кај учениците да се развие свест за одговорност, самокритичност за определени етички и морални проблеми и прашања кои произлегуваат од делото,
- кај учениците да се развие чувство за толерантност, самоконтрола, флексибилност, почитување на туѓите ставови, мислења, дискусии,
- кај учениците да се развие креативност, истражувачки дух во решавање на проблеми и во донесување на важни животни одлуки,
- учениците да научат да го лоцираат и да го разберат функционирањето на определени социјални групи во општеството.

Форми на работа:
- фронтална
- индивидуална
- работа во парови

Методи и техники:
- монолошка
- дијалошка
- текст-метода
- бура на идеи
- Водич за очекување и реакција
- анализа
- синтеза
- дискусија
- презентација

Наставни средства и помагала:
- постер хартија
- наставни листови со Водич за очекување и реакција
- компјутер
- хартија
- печатач

Тек на часот

Според наставната програма за трета година, реформирано гимназиско образование, романот „Чичко Горио“ од Оноре де Балзак е дело кое се разработува на неколку наставни часа. Во делото се третираат проблеми кои се секогаш актуелни и како такви можат соодветно да се презентираат независно од временската рамка на доживување. Примената на оваа активност ќе им овозможи на учениците да ги продлабочат, дополнат или променат своите ставови за улогата на парите во општеството, кои се причина за многу човечки драми и конфликти. Исто така, учениците ќе можат да ја откријат генијалноста на творечкиот чин низ анализа на одделни фрагменти од делото.

Резиме на Водичот за очекување / реакција

Фаза 1. Активирање на претходното знаење:

- Наставникот бара од учениците да се потсетат на некои лични искуства во врска со улогата на парите во општеството.
- Учениците одговараат на прашања што поттикнуваат разни размислувања на оваа тема.
- Наставникот ги запишува идеите на постер хартија.

Фаза 2. Создавање значење:

- Учениците се запознаваат со Водичот за очекување/реакција како средство што ќе им помогне да изнесат сè што знаат и можат да го предвидат за темата пред да го прочитаат делото.
- На учениците им се делат копии на Водичот за очекување/реакција за да го разгледаат
- Учениците работат индивидуално на Водичот за очекување/реакција пред да го прочитаат текстот, ги запишуваат своите видувања за дадените искази.
- Се развива дискусија во врска со исказите.
- Потоа учениците повторно работат индививуално користејќи ги соодветно избраните фрагменти од романот „Чичко Горио“ и ги запишуваат своите реакции и согледувања за проблемите.
- Учениците дискутираат за тоа какви измени направиле откако го прочитале текстот.

Фаза 3. Вреднување и примена:

- Учениците изработуваат заедничка презентација користејќи ја компјутерската програма Power Point.

Прилог 1: Пример на изработен ВОДИЧ ЗА ОЧЕКУВАЊЕ/РЕАКЦИЈА

Исказ еден.

1. *Среќата на Горио се состоела во тоа да ги задоволува фантазиите на своите ќерки. (88, 89, 90)*
2. *Целата наша иднина лежи во оваа помош, со која ќе треба да влезам во борбата, оти животот во Париз е вечна борба. (84, 85)*
3. *Чесноста не служи за ништо. (104-108)*

Се согласувам со првите две констатации: очигледно е дека Горио си го посветил својот живот во задоволувањето на желбите на неговите ќерки и дека неговата среќа е правопропорционална со среќата на ќерките. Иако хипорболизирана, со цел Ежен да го привлечи вниманието на својата мајка, втората идеја е точна, затоа што луксузот во тоа време се добивал на тој начин.

Третата констатација е дискутабилна самата за себе, не се согласувам. Но, кога е анализирана во контекстот во која е напишана, тогаш делумно се согласувам. Во светот каков што е (и каков што бил во времето на дејствието на романот „Чичко Горио“), чесноста е многу често експлоатирана и има повисока цена отколку придобивка. Се гледа дека патот до парите и славата не се добива со искреност.

Исказ два.

1. *Народите ја сметаат слободата за идол, но каде на земјата има слободен народ*. (110)
2. *Она што моралистите го нарекуваат бездна на човечкото срце, тоа се само измамени мисли, неволни движења на личниот интерес.* (111, 112)

3. *Двете сестри се љубоморни една на друга.* (126, 127)

Со првата реченица се согласувам, под услов да се занемери подбивниот тон. Иако вистинска слобода можно е да биди невозможна цел, тоа не значи дека народот не треба да се бори за таа цел.

Со втората реченица и се согласувам и не се согласувам (без разлика на тоа дали е согледувана како дел од целината, романот). Возможно е материјалниот свет човек да го љуби, но да не пропадне во него. Но, исто така, често се случува и обратното (како што демонстрира приказната на Чичко Горио т.е на неговите ќерки и на Ежен).

Во романот сестрите навистина се љубоморни (се согласувам), што е покажано преку нивниот споделен антагонизам и непријателски односи. Сепак кога се обработи делот во кој е искажана оваа констатација, очигледно е дека Горио е во заблуда и ја користи сестрината љубомора како причина за нивното непокажување на љубов кон него.

Исказ три.

1. *Вие ме љубите од галантерија… но да ме љубите навистина, вие би паднале во ужасен очај. (137-141)*
2. *Верувате денес оти сте сигурни. (166)*
3. *Човекот е сѐ или ништо. (154, 155)*

Првата констатација е доста точна и кога е прочитана сама за себе, и кога ќе се увиди крајот на романот. Да се љуби од галантерија, да се љуби она што е материјално и убаво, е секојдневно и обично. Но, вистински да се љуби таа убавина, добро знаејќи ја вистинската духовна грдота која лежи под неа, е пад. А Ежен падна.

Не се согласувам со третата реченица – човекот, онаков каков што е, природно, не е ни сѐ, ни ништо. Тој има потенцијал да биди огромен број на контрадикторни работи. Но, согледувајќи го човекот во социјална средина, во средината на Вотрен, можам да ја видам неговата перспектива. Кога нешто е споредено со грандиозност, кога Ежен својот прилично удобен живот во пансионот го спореди со величенственоста на куќите на аристократите, сопствената среќа му изгледа на ништо (се согласувам).

Исказ четири.

1. *Човекот во основа е добар, општеството е тоа што ја уништило таа добрина. (189-191)*
2. *Колку посилна е и поискрена љубовта, толку повеќе треба да е прикриена. (198, 199)*
3. *Татковците за да бидат среќни треба постојано да даваат. (200, 201)*

Човечката природа е премногу комплицирана, за јас да можам едноставно да одговорам на оваа констатација со „се согласувам“ или „не се согласувам“.

Втората реченица: Принципот не треба да биди таков, но некогаш е вистинит и можам да ги видам придобивките од таков начин на однесување. Гледано во контекстот на романот, каква било љубов помеѓу поединците во повисоките класи треба да биди криена, затоа што љубовта е често користена како оружје против своите непријатели (пример Боасон и нејзиниот љубовник).

Апсолутно не се согласувам. Иако Горио е „доказ“ на овој случај и иако е очекувано родителите да даваат одреден степен на жртва за своите деца, екстремно важно е да се запамети дека родителите треба и за себе да живеат и себе си да се негуваат.

Исказ пет.

1. *Љубовта е религија, и нејзиниот култ мора да биде поскап од сите религии. (207-209)*
2. *За моја срамота јас сум повеќе љубовница од ќерка. (229-231)*
3. *Вотрен е повозвишен. (237, 238)*

Се согласувам. Метафорички поставено, но точно. Љубовта, како и религијата, е извор на помош и нега за многу луѓе, начин за да се премости тежок ден. Но, како и религијата, љубовта можи да биди и пропаст и да бара жртви кои се премногу високи (како што покажуваат настаните на романот, било да е тоа љубовта на Горио кон своите ќерки или љубовта на ќерките / Ежен кон материјалното.

Повторно метафорично поставено, но, гледајќи го животот на Делфина и колкава корист таа има од работата на Горио, навистина можи да се повлече паралела со љубовница која користи некоја личност за пари (но и Горио не е сосема без вина, бидејќи и тој активно се обидува да ја поткупи љубовта на своите ќерки). Се согласувам.

Делумно се согласувам. Можи да се речи дека искреноста на Вотрен во однос на сопствената морална банкротираност го прави доста повозвишен од ќерките на Горио кои својата подлост ја кријат зад љубезност. Но, кога се согледа крајот на аркот на Вотрен, очигледно е дека и тој не е толку искрен. Исто така, иако ќерките ја кријат својата мрачност, треба да се напомени дека нивните постапки не се толку злобни колку и злосторства на Вотрен (местење на убиство). Така да – и се согласувам и не се согласувам.

Исказ шест.

1. *Парата дава сѐ, дури и ќерки. (250-254)*

Не се согласувам. Без разлика колку пари поседуваше Горио, тој ретко кога и ќерки имаше.

Ања Црнец, гимназиско образование

ПРИМЕРИ ОД НАСТАВНАТА ПРАКТИКА

м-р Елизабета Јончиќ,
наставник по македонски јазик и литература

УПОТРЕБА НА НЗФР/С ТЕХНИКА (НЕОЛОГИЗАМ-ЗБОРООБРАЗУВАЊЕ-ФОРМА НА УПОТРЕБА-РЕЧЕНИЦА/СТИХ) ВРЗ ПРИМЕРИ ОД НЕОЛОГИЗМИ ВО ЗБИРКАТА „КОНТИНУУМ“ ОД ВЕСНА МУНДИШЕВСКА-ВЕЉАНОВСКА

УДК 373.5.091.32:811.163.3'373.43

Речничкиот состав (зборовниот фонд на јазикот) го изразува вкупниот број на јазични единици што се во активна и во пасивна употреба. Речникот претрпува промени, тој се гради и се преизградува, се надополнува со нови јазични единици, преку заемање зборови од туѓите јазици и преку нивно приспособување во изворниот јазик, преку создавање на нови зборови од веќе постојните според зборообразувачките норми и преку преосмислување на веќе постојните зборови со додавање ново значење. Тој процес помага за збогатување на речникот. Следејќи ги културните процеси и промени што речиси стануваат секојдневие, се согледува дека, на некој начин, тие промени настојуваат да ги задоволат потребите што се очекуваат од јазичниот систем. Корубин (1976) нагласува дека „треба да се знае дека нормата се создава и се развива во самата јазична стварност“. Според тоа, се уочуваат отвореноста на лексиката, нејзината подложност на постојани промени и обновливоста, со што се оправдува и проширувањето на речникот. Соодветно на тој процес за обновливост на лексиката, во македонскиот јазик, според Минова-Ѓуркова (2003), се изделуваат архаизмите, историзмите и неологизмите. Покрај архаизмите и историзмите што претставуваат застарени зборови, со свои карактеристики, како зборови со многу типични особини, се изделуваат неологизмите. Неологизмите (грч.: neos – нов, logos – збор) претставуваат нови или новосоздадени зборови. Во нивни рамки, како посебна група се изделуваат авторските неологизми.

Техниката НЗФР/С (Неологизам-зборообразување-форма на употреба-реченица/стих) е креативна вежба со која учениците ќе можат полесно и поподробно да ги разберат неологизмите од повеќе гледишта: а) неологизам (име на нов збор); б) зборообразување (основа, префиксно, суфиксно, префиксно-суфиксно, бессуфиксно и образување на сложени зборови); в) форма на употреба (разговорна, книжна (книжно-литерарна), експресивна (поетска)) и употреба на неологизмот во реченица.

Наставен предмет: Македонски јазик и литература
Модул 1. Програмско подрачје јазик
Модуларна единица 4: Лексикологија
4.4 Лексиката според процесот на обновување (неологизми)

Цели на часот:

- Учениците да умеат да ги набројат основните процеси на обновување на лексиката;
- да ги класифицираат неологизмите според начинот на зборообразување;
- да ја применат НЗФР/С техниката;
- да креираат сопствени неологизми;
- да ја препознаат улогата на неологизмите во обновувањето на лексичкиот фонд;
- да ги категоризираат неологизмите од изворниот јазик и неологизмите од туѓо потекло;
- да ги аргументираат соодветните зборови (неологизми) во дадена ситуација.

Форми на работа:

- фронтална
- индивидуална
- работа во парови

Методи и техники:

- разговор**,**
- аналитичко-интерпретативен,
- индуктивен-дедуктивен,
- корелациско-интегративен,
- анализа,
- синтеза,
- дискусија

Наставни средства и помагала:

- табла, креди во боја,
- поетска збирка „КонтинуУМ“ од Весна Мундишевска-Велјановска (изд. „Нов Вавилон“, Битола, 2020),
- учебник по Македонски јазик и литература за II г. реформирано гимназиско образование (Бојковска С., Минова-Ѓуркова Л., Пандев Д., Цветковски Ж., Исакова Н., Пендовски Б., изд. „Просветно дело“, Скопје, 2015),
- тетратка, прибор за пишување,
- работен лист НЗФР/С.

Фаза 1: Евокација (воведен дел) – 10 мин.

Користејќи метод на разговор наставникот бара од учениците да се потсетат на нивните претходни знаења од морфологија, зборообразување и лексикологија. Учениците ги изложуваат своите знаења, внимателно слушаат, поставуваат прашања .

Потоа учениците се делат во групи, им се даваат напатствија за работа и добиваат по еден примерок од поетската збирка „КонтинуУМ“ од Весна Мундишевска-Велјановска.

Учениците заедно со наставникот дискутираат за необичните зборови во збирката „КонтинуУМ“ и одговараат на поставени прашања:

- Што забележувате во песните?
- Што е необично во стиховите?
- Дали забележувате непознати зборови?

Учениците одговараат, наставникот запишува на таблата додека учениците „необичните зборови“ ги запишуваат во тетратките и потоа кратко изнесуваат свои мислења.

Фаза 2: Сфаќање на значењето (главен дел) – 25 мин.

Учениците се запознаваат со НЗФР/С техниката.

Работат индивидуално, а претходно запишаните зборови од тетратките ги внесуваат во работниот лист со НЗФР/С табелата.

Работен лист: *(пример за делумно пополнет работен лист)*

Неологизам	**З**борообразување	**Ф**орма на општење	**Р**еченица/**С**тих
собидник	Со+биде+ник	Поетска лексика	„станав собидник на контрастното време“
злонамерата	Зло+намера+та	Поетска лексика	„од образите на злонамерата“
согледот			„ми ги расцветуваат прозорците на согледот.“
дожегот			„во окцата на сомнежите од платното на дожегот“
секојденот			„Во огништето на секојденот“
вмисленост			„да ги осмислам бесмислените вмисленост“

Чекор 1.

Напишете три реченици во кои ќе употребите по еден неологизам од наведените во работниот лист.

.....

.....

.....

Чекор 2.

Направете корелација на неологизмите од Задача 1, со соодветни области од науката (на пример: психологија, филозофија, метафизика, морфологија, лингвистика итн.). Потоа, во последната колона од табелата, запишете ваша реченица со употреба на дадениот неологизам.

Задача 1: Класификација на неологизми по дисциплини.

Неологизми	**Корелација со:**	**Зборообразување**	**Сфера**	**Реченица/стих**
себебудење	Психологија, филозофија	Префиксно-суфиксно	Разговорна/ поетска	Одамна го чекав моето себебудење.
срцебиеж				
многужилни				
континуУМ				

Чекор 3.

Анализирај ги зборовите од интернационалната лексика:

неологизам	**Што укажува?**	**Како е формиран?**
Смартфон		
Инфлуенсер		
селфи		

Фаза 3: Рефлексија на наставниот час (завршен дел) – 10 мин.

- учениците дискутираат за впечатоците од наставната единица,
- ја сфаќаат важноста на изворниот јазик во зборообразувањето и неологизмите,
- ја образложуваат важноста на авторите за зачувување и збогатување на јазикот,
- се обидуваат да создадат свој неологизам.

Домашна задача:

Да се анализираат 5 неологизми од портали или од дневни весници.

Примери на автентични неологизми напишани од ученици
од ДСУ Спортска академија – Скопје, дисперзирана паралелка Битола:

- ➲ звездопад,
- ➲ лошомисление,
- ➲ брзоречен,
- ➲ состојбништво,
- ➲ звероловец,
- ➲ месосечач,
- ➲ животоводец...

ПРИМЕРИ ОД НАСТАВНАТА ПРАКТИКА

м-р Алисија Колевска,
наставник по психологија/педагогија

ПРИКАЗ НА ПОДГОТОВКА ЗА НАСТАВЕН ЧАС СО АКТИВНО УЧЕЊЕ

УДК 373.5.091.31:37.012

Краток опис

Активното учество на учениците во обликувањето на воспитно-образовниот процес сè повеќе е присутно во современата наставна практика. Концептот на активно учење преку поврзување теориски поими со практични ситуации е применет во подготовката за наставен час по Педагогија.

Клучни зборови: активно учење, педагошки поими, теориска примена, самооценување

ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

Наставен предмет: Педагогија
Година на изучување: III (трета)
Вид на образование: гимназиско; општествено-хуманистичко подрачје – комбинација Б, јазично-уметничко подрачје – комбинации А и Б

Наставна тема: Основни педагошки поими
Наставна содржина: Определување на педагошки поими
Тип на час: нова наставна содржина
Место на реализација: училница **Датум:** 17.12.2025 г.

Цели на часот:

- Учениците да разбираат и разликуваат основни и изведени педагошки поими;
- Да откриваат меѓусебно дејство на педагошки поими;
- Да аргументираат избор на педагошки поими за конкретни воспитно-образовни ситуации.

Форми на настава:

- Фронтална, индивидуална, работа во парови

Методи и техники на работа:

- Усно излагање, дискусија, Венов дијаграм, кооперативно учење

Наставни средства и помагала:

- Табла, учебник, тетратка, наставно ливче, електронски уреди, ИКТ-алатки

	Наставник	Ученици
Воведен дел (10 мин.)	- Ја интегрира новата наставна содржина со претходните преку иницирање Венов дијаграм, на табла, за поимите **воспитание и образование**. - Ги најавува целите на часот поттикнувајќи воочување дијалектичко единство и условеност на двата поими. - Ја појаснува улогата на воспитанието и образованието како темели на педагошката наука. Го дефинира и третиот основен педагошки поим – **настава**.	- Именувајќи асоцијации, создаваат визуелно претставување. - Ги запишуваат издвоените елементи во тетратките. - Идентификуваат меѓусебни односи на педагошките поими.

Главен дел (25 мин.)	- Ги објаснува **изведените педагошки поими** самовоспитание, превоспитание, самообразование, социјализација, културализација и персонализација, надополнувајќи го исцртаниот Венов дијаграм. - Ги организира учениците во парови, им доделува е-наставно ливче[1] за поврзување практични примери со педагошки поими – **Прилог 1**. - Ја опсервира активноста на учениците, ги советува. - Насочува дискусија „Воспитани и образовани“, мотивирајќи ученици да ги образложуваат одговорите.	- Ја бележат визуелната шема во тетратките. - Го проучуваат наставното ливче, по потреба користат учебник. - Одредуваат педагошки поим за секој пример, разменувајќи мислења. - Ги поткрепуваат своите ставови со педагошка терминологија.
Завршен дел (10 мин.)	- Спроведува квиз за формативно оценување на платформата „Wayground“ – **Прилог 2**. - Резимирајќи ја наставната содржина, наведува и други важни педагошки поими.	- Поединечно одговараат на квиз-прашањата. - Утврдуваат новоусвоени термини.
Домашна задача	- Избор на педагошки поим, самонабљудување на однесувањето и изработка на рефлективен писмен осврт.	

Прилог 1.
Е-наставно ливче: Педагошки поими и практични примери

Прилог 2.
Е-квиз

Забелешки:
Планираниот дидактички пристап создаде услови за функционално усвојување педагошки поими и самооценување, со насоченост кон операционализација на стекнатите знаења низ автентични (вон)наставни искуства.

[1] Преку алатката „Google Forms“ учениците самостојно ја проверуваат точноста на нивните одговори, со непосредна повратна информација по пополнувањето.

ПРИМЕРИ ОД НАСТАВНАТА ПРАКТИКА

Весна Мундишевска-Велјановска, Катерина Спасовска-Маурдева,
наставници по графички стручни предмети

КНИГОВРЗУВАЊЕ: КВАЛИТЕТ НА ИЗРАБОТКА НА ГОТОВА КНИГА

УДК 373.5.016:655.028

Книговрзувањето е еден од клучните сегменти на графичката доработка кое го дава конечниот изглед на производите од графичката индустрија. Како занает било многу ценето затоа што при неговата изведба се користеле многу прецизни постапки и уметнички техники на украсување. За полесно совладување на наставната материја по истоимениот наставен предмет, подготвивме соодветни методско-дидактички содржини кои овозможуваат подобрување на квалитетот на работата во текот на наставните часови, како и прашања, вежби и тестови за самопроверка на учениците заради олеснување на процесот на учење и поврзување на стекнатите теоретски знаења на учениците со искуствата од практиката.

◢ Квалитет на изработка на готова книга

Кај книгите, покрај меѓуфазната контрола на полупроизводите, потребно е да се направи преглед и на крајниот производ. Прегледот на готовата книга е завршна фаза во изработката со која се врши контрола на сите поединечни делови. Целта на ваквата контрола е уочување на евентуалните недостатоци на веќе изработениот тираж на книги, групирање на книгите според квалитетот на нивната изработка и евентуално коригирање на грешките.

Кај помалите тиражи контролата најчесто е визуелна и се изведува на секој поединечен примерок, додека кај поголемите тиражи се користат разни математичко-статистички методи за контролирање на квалитетот на готовите книги.

Контролата се врши од следните аспекти:

- На затворената книга се проверува распоредот и читливоста на насловот, длабината на втиснатите елементи на корицата, паралелност на насловот со работ на корицата, општиот изглед на кориците, изработката на резот доколку го има, исправноста на лепењето на означната и украсните ленти, евентуалните механички оштетувања и чистотата.
- Се контролира спојувањето на книжниот блок со кориците, односно се контролира отворањето на книгата, точноста на корицата во однос на книжниот блок, правилната поставеност на корицата, присуството на „меурчиња“ и набори при лепењето на предлистот, се проверува квалитетот и насоката на целулозните влакна кај хартијата за предлистот, како и рабовите на истиот.
- Се проверува дали е одбран соодветен материјал за пресвлекување во однос на видот на книгата и планираниот период на нејзино користење, дебелината на исечоците од лепенка, доработката на аглите, големината на превојот, односно дали има доволно растојание помеѓу рикнот и исечоците од лепенка заради обезбедување правилно затворање на книгата.
- Со прелистување на книжниот блок се утврдува правилноста на собраните книжни табаци, нивната правилна поставеност во насока глава – нозе, големината на белите полиња околу текстот итн.
- Посебно се контролира рикнот и поврзникот, изгледот на заобленият книжен блок и изгледот на залепената „хилзна“.

За илустрација, ќе наведеме пример за вежба за наставната содржина „Квалитет на изработка на готова книга“ од учебникот „Книговрзување“, наменет за учениците од втора година графичка струка, за профилот графички техничар, чии автори се Весна Мундишевска-Велјановска и Катерина Спасовска-Маурдева, издаден од Министерството за образование и наука на РС Македонија, а испечатен во 2024 година.

Модуларна единица 3: Видови на поврзување.

Резултат од учење (РУ) 1: Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да објаснува начини на добивање брошури и книги со тврди корици.

Форми на работа: фронтална, индивидуална и групна работа.

Наставни методи: монолошка, дијалошка (дискусија), анализа – синтеза, практични активности, презентација.

Наставни техники/стратегии: бура на идеи, Анализа на производ, чек листа.

Критериуми за вреднување на постигањата на РУ:


- ✓ ученикот/ученичката може да испитува квалитет на готова книга,
- ✓ ученикот/ученичката може да провери точност на анализата со самопроверка со чек листа,
- ✓ ученикот/ученичката може да презентира и анализира резултати од реализирана вежба,
- ✓ учениците и наставникот дискутираат и извлекуваат заеднички заклучоци.

Потребни ресурси за реализација на наставната содржина:

- ✓ компјутер,
- ✓ телевизор,
- ✓ учебник „Книговрзување“ (печатена и е-верзија),
- ✓ слики и примероци од брошури и книги со тврди корици,
- ✓ наставни листови – Анализа на готова книга со тврди корици (печатена и е-верзија),
- ✓ наставни листови – Чек листа за Анализа на готова книга со тврди корици (печатена и е-верзија).

Вежба:

Со индивидуална работа спроведете визуелна контрола на квалитетот на книга со тврди корици. За таа цел користете ги примероците што ги изработивте на претходните часови за вежби, или примероци од книги со тврди корици со кои располага вашата училишна библиотека. Податоците за контролата запишете ги во образец „Анализа на готова книга со тврди корици“ кој може да содржи податоци како во примерот на сликата, или направете ваш образец за оваа намена. Искуствата споделете ги со паралелката.



АНАЛИЗА НА ГОТОВА КНИГА СО ТВРДИ КОРИЦИ

Наслов и автор на книгата што ќе се контролира:

Обем на книгата: _____

Начин на собирање на книжните табаци: _____

Точност на редоследот на собирањето на КТ: _____

Начин на спојување на книжните табаци: _____

Квалитет на спојувањето на книжните табаци: _____

Начин на поврзување на книжниот блок: _____

Точност на изработката на корицата (од аспект на пресметка на материјалот и негово прецизно користење): _____

Квалитет на украсувањето на корицата: _____

Прецизност и квалитет на спојувањето на книжниот блок со тврдата корица: _____

Евидентирани грешки кај книгата: _____

Контролирал ученик: _____

Предметен наставник: _____

Приказ бр. 1: Анализа на готова книга со тврди корици – образец и полнет адаптиран образец

Завршни активности:

Завршна активност 1.


Секој ученик пополнува наставен лист со чек-листа за проверка на точноста на анализата на книгата со тврди корици.

ЧЕК ЛИСТА – АНАЛИЗА НА ГОТОВА КНИГА СО ТВРДИ КОРИЦИ	Насоки за проверка	Примена на насоките	
		да	не
Наслов и автор на книгата што ќе се контролира:	➔ наведен наслов на книгата ➔ наведен автор на книгата		
Обем на книгата:	➔ број на страници ➔ примарна сигнатура		
Начин на собирање на книжните табаци (КТ):	➔ табак на табак ➔ табак во табак		
Точност на редоследот на собирањето:	➔ пагинација ➔ примарна и секундарна сигнатура		
Начин на спојување на книжните табаци:	➔ шиење со жица ➔ шиење со конец ➔ штепување ➔ механичко спојување (шини, копчање...) ➔ лепење		
Квалитет на спојувањето на книжните табаци:	➔ стабилност на книжниот блок ➔ хилзна ➔ естетика на површникот ➔ тул платно		
Начин на поврзување на книжниот блок:	➔ меко поврзување ➔ тврдо поврзување		
Точност на изработката на корицата:	➔ големина на лепенки ➔ растојание меѓу лепенките и рикнот ➔ кроење на материјалот за пресвлекување ➔ рабови/аншлаг		
Квалитет на украсувањето на корицата:	➔ вид печатење ➔ втиснување (пр.: релјефно, со фолии...) ➔ пресвлека ➔ украсни елементи (агли, копчање...)		
Прецизност и квалитет на спојувањето на книжниот блок со тврдата корица:	➔ проверка на предлист (позиција, налепување) ➔ позиционираност на хилзна (доколку има) ➔ можност за отворање на книгата ➔ стабилност на повезот		
Евидентирани грешки кај книгата:	➔ измешани книжни табаци ➔ искривени корици ➔ несоодветен избор на начин на собирање и спојување на КТ ➔ слепени лисја ➔ меури од лепилото на предлист/корица ➔ поставеност и должина на украсна и означна лента		
Ученик:	**Наставник:**		

Табела бр. 1: Чек листа за Анализа на готова книга со тврди корици

Завршна активност 2.

Индивидуална презентација на пополнетите анализи (усно, или приказ на телевизор доколку е пополнета е-анализа), групна дискусија за точноста на изнесените ставови, размена на мислења и извлекување заеднички заклучоци.



АНАЛИЗА НА ГОТОВА КНИГА СО ТВРДИ КОРИЦИ

Наслов и автор на книгата што ќе се контролира:
„Урокличето" од Владимир Костов

Обем на книгата: 58 стр.

Начин на собирање на книжните табаци: табак на табак

Точност на редоследот на собирањето на КТ: точен (според пагинација и примарна сигнатура)

Начин на спојување на книжните табаци: шиење со конец

Квалитет на спојувањето на книжните табаци: Висок, индустриски

Начин на поврзување на книжниот блок: тврдо поврзување

Точност на изработката на корицата (од аспект на пресметка на материјалот и негово прецизно користење): точен (според визуелна контрола), прецизно скроена корица, нема вишок материјал

Квалитет на украсувањето на корицата: Висок со релјефен и сито печат

Прецизност и квалитет на спојувањето на книжниот блок со тврдата корица: Прецизно и точно

Евидентирани грешки кај книгата: / (нема)

Контролирал ученик: Марина Тамевска III4

Предметен наставник: Весна Мундишевска-Велјановска

Приказ бр. 2: Анализа на готова книга со тврди корици – пополнет адаптиран образец

Користена литература:

1. Мундишевска-Велјановска, В., Спасовска-Маурдева, К. (2024). *Книговрзување*, Скопје: Министерство за образование и наука;
2. Константиновић, В. (2004). *Технологија графичке дораде*, Београд: Завод за уџбенике и наставна средства.

ПРИМЕРИ ОД НАСТАВНАТА ПРАКТИКА

Снежана Паскова,
наставник по графички стручни предмети

ЛЕЌАТА НА ТРАНСФОРМАЦИЈАТА – КАМЕРИТЕ НИЗ ИСТОРИЈАТА ВО ГРАФИЧКАТА ИНДУСТРИЈА

УДК 655:681.772

Предметот Електронска обработка на текст и слика, кој што го изучуваат учениците од четврта година графичка струка, графички техничар, овозмошува практични вежби и истражувања. Во модуларната единица „Фото уреди“ се изучува за основните и помошните делови на фотоапаратот, камерата, историскиот развој и примената во графичката индустрија.

Вежба: Камерата во графичката индустрија
Цел: Да се разбере како камерата се користи за создавање, документирање и инспирирање во графичкиот дизајн.

Активности:
Фаза 1: Интернет истражување за камерите низ историјата во графичката индустрија.

Камерата одигра трансформативна улога во еволуцијата на графичката индустрија, обликувајќи го начинот на кој се создаваат, репродуцираат и восприемаат сликите, нови начини на комуникација, документирање и уметничко изразување. Камерата претставува еден од најважните алати во современата графичка индустрија. Таа не е само средство за снимање на реалноста, туку и основа за создавање визуелни содржини кои понатаму се обработуваат, дизајнираат и интегрираат во различни медиуми. Со развојот на дигиталната технологија, улогата на камерата значително се прошири, овозможувајќи нови можности за креативност и продуктивност.

Од примитивната **камера обскура** до современата дигитална фотографија, развојот на камерата директно влијаел врз графичкиот дизајн, печатот и визуелните медиуми.





Почетоци: камера обскура и рани техники

- **Камера обскура** (16–17 век) – оптички уред кој проектира слика на површина преку мала дупка. Служел како помошно средство за уметници при создавање прецизни перспективи.
- **Дагеротипија и калотипија** (19 век) – првите фотографии овозможиле реалистично документирање на луѓе, архитектура и природа. Ова довело до интеграција на фотографијата во печатени медиуми.





Индустриска революција

- Со развојот на **литографијата и офсет печатот**, фотографијата станала составен дел од графичката индустрија. Овој процес овозможи фотографиите да се гравираат директно на печатарски плочи, премостувајќи го јазот помеѓу заробениот момент и масовната дистрибуција.
- Камерата овозможила создавање на илустрации, реклами и новинарски фотографии кои ја зголемиле информативната и естетската вредност на печатените изданија.
- Во овој период се појавува **фото-журналистиката**, која ја менува динамиката на медиумите.



Камерата како уметнички и индустриски алат

- **Филмската камера** донела нова димензија – движење и нарација, што влијаело врз графичкиот дизајн преку постери, насловни страници и рекламни кампањи.

- **Црно-белата фотографија** постепено се заменува со **колор фотографија**, што овозможува побогата визуелна комуникација.
- Камерата станува клучна во **рекламната индустрија**, модната фотографија и корпоративниот брендинг.

Дигитализација
- Со појавата на **дигиталната фотографија** (крај на 20 век), камерата станува достапна за масовна употреба.
- Графичката индустрија добива нови алатки: **Photoshop, Illustrator, CorelDRAW**, **InDesign**, кои овозможуваат обработка и интеграција на фотографии во дизајн.
- Камерата се користи не само за документирање, туку и за **креативна манипулација**, комбинирање со 3D графика и дигитални ефекти.

Современост и иднина
- Денес, камерата е интегрирана во **смартфони**, што ја прави секојдневна алатка за графички дизајнери.
- **Вештачката интелигенција** и **машинското учење** овозможуваат автоматска обработка на фотографии, препознавање на објекти и создавање нови визуелни содржини.
- Камерата останува централна во графичката индустрија, но не само како средство за снимање, туку и како дел од поширок дигитален екосистем.

Година	Тип на камера	Објаснување и графичка примена
1500-ти	**Камера обскура**	Оптички уред што проектира слика на површина. Уметниците го користеле за прецизно цртање и перспектива.
1839	**Дагеротипска камера**	Прва практична фотографска техника. Се користела за портрети и документирање, влијаејќи врз илустрациите во печатот.
1888	**Kodak Box Camera**	Првата комерцијална камера за масовна употреба. Фотографијата станува достапна за поширокатa јавност и се интегрира во реклами.
1920–1950	**Филмска камера (TLR и SLR)**	Камери со филм и објективи за професионална употреба. Се користеле во новинарство, модна фотографија и графички дизајн.
1980–1990	**Автоматски SLR камери**	Камери со автоматски фокус и подобрена ергономија. Се користеле за печатени медиуми, постери и корпоративни материјали.
2000+	**Дигитална камера**	Камери со сензори и мемориски картички. Фотографијата се обработува дигитално и се интегрира во веб, мобилни и печатени медиуми.
2010+	**Смартфон камери**	Камери во мобилни уреди со висока резолуција со висока резолуција. Се користат за социјални медиуми, графички апликации и дизајн во движење.
2020+	**AI и компјутерска фотографија**	Камери со вештачка интелигенција за автоматска обработка. Се користат во графички дизанј, реклами и виртуелна реалност.

Табела бр. 1: Споредбена табела на типови на камера

Примери од Македонија
- **Новинарство и печатени медиуми:** Фотографијата станала суштински дел од македонските весници и списанија уште во втората половина на 20 век. Камерата овозможила визуелно документирање на политички настани, културни манифестации и секојдневниот живот, што ја збогатило графичката содржина на медиумите.
- **Рекламна индустрија:** Во 90-тите години, со развојот на приватниот сектор, фотографијата станала клучна во изработката на постери, билборди и рекламни кампањи. Камерата овозможила реалистични и привлечни визуелни решенија кои ја зајакнале конкурентноста на македонските компании.
- **Графички дизајн и уметност:** Македонските графички дизајнери редовно користат фотографија како основа за комбинирање со типографија, илустрација и дигитални ефекти. Камерата е алатка за создавање оригинални визуелни концепти во книги, каталози, брошури и културни постери.

• **Образование и академски трудови:** Универзитетите во Македонија, како Техничкиот факултет во Битола, ја изучуваат технологијата на графичка подготовка и доработка, средното општинско училиште „Таки Даскало“ од Битола ја изучува камерата во повеќе наставни предмети, каде фотографијата и камерата се третираат како основни елементи во процесот на графичка продукција.

Историјата на камерата е историја на визуелната култура, приказна за постојана трансформација. Во нашата графичка индустрија камерата има повеќеслојна улога: од документирање на реалноста во новинарството, преку создавање привлечни реклами, до инспирација за уметнички дела и академски истражувања. Таа е мост меѓу традиционалните печатени медиуми и современите дигитални решенија.

Мини квиз:

1. Која е најстарата форма на камера што ја користеле уметниците за проучување светлина и сенка?
   - Дигитална камера
   - Камера обскура
   - Полароид камера
   - Филмска камера
2. Кој процес од 19 век овозможил реалистично документирање на луѓе и архитектура?
   - Дигитална фотографија
   - Фотопластикон
   - Холографија
   - Дагеротипија
3. Која технологија овозможила фотографиите да се гравираат директно на печатарски плочи?
   - Полароид систем
   - Литографија и офсет печат
   - Холографија
   - Дигитална камера
4. Која компанија ја направила фотографијата достапна за масовна употреба со филмски ролни?
   - Никон
   - Кодак
   - Сони
   - Канон
5. Со што дигиталната фотографија на крајот од 20 век ја трансформира графичката индустрија?
   - Со автоматско печатење
   - Со достапност и нови алатки за обработка
   - Со враќање на црно-бела фотографија
   - Со појава на филмска камера
6. Која современа технологија овозможува автоматска обработка и препознавање на објекти во фотографии?
   - Камера обскура
   - Офсет печат
   - Вештачка интелигенција
   - Дагеротипија
7. Каде е основана првата поголема печатница во Македонија?
   - Штип
   - Скопје
   - Битола
   - Прилеп
8. Која улога има камерата во македонските весници и списанија?
   - За визуелно документирање на настани
   - Не се користи во медиуми
   - За технички тестови
   - Само за уметнички фотографии
9. Кое училиште во Битола ја изучува камерата во наставата?
   - Медицинско училиште
   - Универзитет „Св. Климент Охридски“
   - Средното училиште „Таки Даскало“
   - Гимназија „Јосип Броз Тито“

Фаза 2: Излезете надвор и фотографирајте (на пр. природни текстури дрво, камен, метал).

Фаза 3: Експериментирајте со долга експозиција (на пр. светло во темна просторија). Креирајте уметничка фотографија што комбинира реалност и графички ефекти.

Фаза 4: Добиените фотографии внесете ги во графички софтвер (Photoshop, Illustrator, InDesign) и користете ги како позадини, маски, а потоа можете да ги интегрирате во даден текст.

ИСТРАЖУВАЊЕ

м-р Марија Младеновска-Димитровска,
училишен психолог

ПОВРЗАНОСТА ПОМЕЃУ АНКСИОЗНОСТА И АГРЕСИВНОТО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИТЕ

УДК 364.624.6-053.6:316.624

Апстракт

Целта на истражувањето е да се утврди поврзаноста помеѓу анксиозноста и агресивното однесување кај адолесцентите, да се утврди кои облици на агресивно однесување се најзастапени и дали постојат полови разлики. Истражувањето е спроведено на примерок од 105 испитаници. Применети се 2 инструменти: Прашалник за агресивност и Скала за мерење анксиозност. Од резултатите може да се види дека испитаниците кои се поанксиозни, повеќе манифестираат и агресивно однесување. Најчесто младите луѓе агресивноста ја изразуваат како вербална агресија, а помалку како физичка. Не се утврдени разлики во однос на агресивното однесување меѓу машките и женските, додека во однос на анксиозноста женските се многу поанксиозни од машките.

Клучни зборови: анксиозност, депресивност, адолесценти

Вовед

Во литературата агресивноста различно се дефинира. Во некои дефиниции под агресивно однесување се подразбира вербална или физичка повреда на друго лице, но не се зема предвид и намерата да се нанесе штета. Во поновите теории, според Žužul (1989), како агресивно однесување се смета „секоја реакција (физичка или вербална) изведена со намера некому да му се нанесе некаква штета или повреда, без оглед дали таа намера е до крај реализирана".

Според психоаналитичките теории, чиј претставник е Сигмунд Фројд, се смета дека инстинктот на смртта Танатос, го води човекот кон уништување, деструкција и дека човекот е биолошки детерминиран кон уништување на себе се или на другите, доколку инстинктот на смртта е доминантен во однос на инстинктот на животот Ерос.

Според теоријата на фрустрација на Dollard, Miller, Doob, Mowrer и Sears, агресивното однесување се смета дека е одговор на некоја ситуација на фрустрација. Оваа теорија често пати е критикувана затоа што не секоја фрустрација доведува до агресивно однесување, а и секое агресивно однесување не е последица на фрустрација.

Според теоријата на социјално учење на Алберт Бандура, агресивното однесување се учи не само со поткрепување на таквото однесување од средината, туку и по модел со набљудување и имитација на такво однесување. Доколку детето научи дека одредено агресивно однесување му помага да ја оствари својата цел и доколку тоа поминува неказнето, тоа ќе придонесе таквото однесување да се зацврсти и ќе се повторува како образец на однесување. Големо влијание врз појава на агресивноста имаат и агресивните содржини во медиумите, телевизијата, филмот, видео игрите итн.

Анксиозноста се дефинира како состојба на ирационално и прекумерно чувство на исплашеност и немир, која е придружена со хиперактивност на вегетативниот нервен систем, чукање на срцето, забрзано и отежнато дишење, главоболка. До извесен степен со неа се среќава секој човек во тешки животни ситуации. Ако е силна, долготрајна и го ограничува психолошкото и социјалното функционирање на поединецот, станува збор за анксиозно пореметување.

Иако порано анксиозноста и агресивноста се истражувале најчесто како посебни проблеми, во поновите истражувања сè почесто се смета дека анксиозноста може да биде една од причините за агресивно однесување. Често пати се смета дека зад агресивното однесување може да постои одреден степен на анксиозност која се манифестира како агресија кон другите луѓе или кон предметите во средината.

Една студија покажала дека агресивните деца биле значајно поанксиозни од неагресивните (Vitaro F, Brendgen M, Tremblay RE, 2002). Друга студија покажала поврзаност помеѓу анксиозноста и реактивната агресивност во врските, која е дефинирана како агресивна намера да се повредат другите преку социјалните врски (Marsee MA, Weems CF, Taylor LK,

2008). Според Crick and Dodge's (1994) агресивните индивидуи се повеќе склони погрешно да ги интепретираат социјалните односи и позитивно ги вреднуваат агресивните одговори. Младите кои манифестираат поизразена социјална анксиозност, покажуваат тенденција однесувањата и намерите на другите луѓе погрешно да ги интерпретираат како заканувачки (La Creca and Lopez, 1998). Според Loukas et al. (2005), социјалната анксиозност кај младите во рана адолесценција е поврзана со манифестирање на поизразена агресивност.

Методологија на истражувањето

Цел на истражувањето

Целта на истражувањето е да се утврди поврзаноста помеѓу анксиозноста и агресивното однесување кај адолесцентите, како и да се утврди кои облици на агресивно однесување се најзастапени, како и да се утврди колку е изразена анксиозноста кај адолесцентите, кои видови анксиозност и дали поизразената анксиозност, укажува на поизразена агресивност. Исто така, една од целите на истражувањето е утврдување на половите разлики во однос на изразеноста на анксиозноста и агресивното однесување.

Примерок

Во истражувањето беа вклучени 105 испитаници, од трета година средно образование, од кои 45,71% беа од машки пол, додека 54,29% од женски пол.

Инструменти

За мерење на агресивноста беше применет Прашалник за агресивност (A-87, Žužul, 1987), кој се состои од 15 тврдења кои опишуваат 15 ситуации и кој мери 5 различни модалитети на агресивност: вербална манифестна агресивност (ВМ), физичка манифестна агресивност (ФМ), индиректна или поместена агресивност (ИН), вербална латентна (ВЛ) и физичка латентна агресивност (ФЛ). Повисок скор на скалата укажува на поголема агресивност. За мерење на анксиозноста применета е Spence Children's Anxiety Scale (1995), која се состои од 6 супскали: генерализирана анксиозност, социјална фобија, сепарациона анксиозност, панично растројство/ агорафобија, опсесивно-компулсивно растројство и страв од физички повреди. Повисок скор на скалата укажува на поизразен степен на анксиозност.

Резултати и дискусија

Според дескриптивните статистици на скалата на агресивност кај примерокот во целина имаме средно изразена агресивност (M=181,12, SD=59,18), додека на скалата на анксиозност имаме зголемено ниво на анксиозност (M=97,75, SD=19,12). Во однос на степенот на изразеност на различните видови агресивност испитаниците агресивноста најчесто ја манифестираат како вербална манифестна агресија (M=41,36, SD=12,57), додека најмалку како физичка манифестна (M=32,23, SD=13,66) што е и очекувано ако се знае дека општествено е непожелно агресијата да се изразува како физичко насилство. Потоа следува вербална латентна (M=37,58, SD=12,52), физичка латентна (M=37,55, SD=14,05), кои опфаќаат изразување на агресивноста само во мислите и индиректната агресија (M=32,40, SD=13,61), која значи манифестирање на агресијата на предмети од опкружувањето или на предмети кои му значат на оној кон кого е насочена агресијата.

Не се утврдени значајни разлики во поглед на изразеноста на агресивноста меѓу испитаниците од машки и женски пол, што значи дека меѓу машките и женските нема разлики во агресивноста, ниту при манифестирање на различните видови агресивност. И кај двата пола најизразен облик на агресивно однесување е вербалната агресија, додека најмалку изразен облик е физичката манифестна и индирекната агресија.

Што се однесува до степенот на изразеност на анксиозноста кај испитаниците можеме да видиме дека најизразен облик на анксиозност е опсесивно-компулсивната невроза (M=15,85, SD=8,70), што опфаќа наметнувачки мисли дека нешто лошо ќе се случи, следуваат панични напади со агорафобија (M=14,53, SD=3,84) придружена со интензивни физиолошки реакции како чувство на гушење, губење здив, лупање на срце и генерализираната анксиозност (M=14,20, SD=2,70).

Табела 1. Разлики во изразеноста на анксиозноста кај испитаници од различен пол

Скали	пол	M	SD	t-test
Вкупен скор на Скалата на анксиозност	машки	87,75	13,10	
	женски	106,18	19,41	-5,588**
I супскала – Сепарациона анксиозност	машки	11,67	2,67	
	женски	14,88	2,64	-6,161**
II супскала – Социјална фобија	машки	11,58	2,31	
	женски	13,56	2,61	-4,071**
III супскала – Опсесивно-компулсивна невроза	машки	12,88	3,75	
	женски	18,35	10,72	-3,367**
IV супскала – Панично растројство/агорафобија	машки	13,08	2,82	
	женски	15,75	4,17	-3,766**
V супскала – Страв од физички повреди	машки	8,81	3,00	
	женски	11,02	3,26	-3,576**
VI супскала – Генерализирана анксиозност	машки	12,79	2,31	
	женски	15,39	2,43	-5,564**

p<.05* p<.0.1**

Во однос на разликите меѓу испитаниците од различен пол, утврдени се статистички значајни разлики меѓу машките и женските на Скалата за анксиозност (r=0.482, p<.0.1) и на сите супскали: сепарациона анксиозност (r=0.519, p<.0.1), социјална фобија (r=0.372, p<.0.1), опсесивно-компулсивна невроза (r=0.315, p<.0.1), панично растројство/агорафобија (r=0.348, p<.0.1), страв од физички повреди (r=0.332, p<.0.1) и генерализирана анксиозност (r=0.481, p<.0.1) што значи дека женските се поанксиози од машките. Во однос на прашањето дали постои поврзаност меѓу анксиозноста и агресивното однесување на испитаниците утврдена е статистички значајна корелација (r=0,67,p<.01), што укажува дека испитаниците кои имаат поизразен степен на анксиозност, повеќе се склони да манифестираат агресивно однесување. Добиени се статистички значајни коефициенти на корелација помеѓу анксиозноста и сите супскали на агресивност: вербална манифестна (r=0.530, p<.01), физичка манифестна (r=0.529, p<.01), индиректна (r=0.685, p<.01), вербална латентна (r=0.623, p<.05), физичка латентна (r=0.615, p<.01) што значи дека поанксиозните испитаници повеќе ги манифестираат сите облици на агресивно однесување. Пресметани се и интерколерации меѓу супскалите на агресија и на анксиозност и утврдени се статистички значајни корелации, што оди во прилог на претходното дека испитаниците кои имаат поизразена анксиозност, манифестираат поизразена агресивност.

Заклучок

Анксиозноста и агресивноста претставуваат значаен проблем во периодот на адолесценција. Се претпоставува дека 9,9% од адолесцентите до 16-та година ќе манифестираат некој степен на анксиозност и 23% ќе манифестираат некој облик на пореметување во однесувањето Costello EJ, et.al. (2003). Резултатите покажаа дека поанксиозните испитаници манифестираат поизразена агресивност. Затоа во практиката е важно да се утврди дали зад одредено агресивно однесување кај адолесцентите, постои анксиозност, зашто во тој случај и пристапот на психологот во работата со нив треба да биде поинаков.

Референци:

1. Batanova, M.D., Loukas, A.(2011). *Social Anxiety and Aggresion in Early Adolescents: Examing the Moderating Roles of Empathic Concern and Perspective Taking*. J Youth Adolescence 40: Springer Science and Business Media, LLC 2011.
2. Clark, L.A. & Watson, D. (1991). *Tripartite model of anxiety and depression: Evidence and taxonomic implication.* Journal of Abnormal Psychology, 100, 316-336.
3. Erić, Lj. i Kaličanin, P. (1977). *Anksioznost, anksiozna stanja i lečenje lekovima*. Ljubjana: Lek.
4. Griez, E.J.L., Faravelli, C., Nutt, D., Zohar, J. (2001). *Anxiety Disorders. In introduction to Clinical Management and Research*. England: John Wiley & Sons, Ltd.
5. Morris, T.L.& March, J.S.(2004).*Anxiety Disorders in Children and Adolescents, Second Edition.* New York: The Guilford Press, Inc.
6. Smokowski, P.R.,Cotter, K.L., Robertson, C.I.B.,Guo, S. (2012). *Anxiety and Aggression in Rural Youth: Baseline Results from the Rural Adaptation Project.* Child Psychiatry Hum Dev. New York: Spriger Science + Business Media.

ЕкоТД

Миле Атанасоски,
наставник по графички стручни предмети

РЕЦИКЛИРАНА ХАРТИЈА

Извадоци од прирачникот „Графички материјали“ за прва година графичка струка,
Тема 1: Хартија, Резултат од учење: Поддржува употреба на еколошки прифатлива хартија

УДК 676.2-027.33

Рециклираната хартија се добива преку собирање и повторна обработка на употребена хартија. Овој процес ги намалува потребите за нови суровини и ја намалува потрошувачката на вода и енергија, што ја прави една од најважните еколошки практики во индустријата за хартија. Рециклираната хартија се користи во различни производи, од канцелариски материјали до амбалажа.

Овие алтернативни суровини не само што придонесуваат за зачувување на шумите, туку и помагаат во намалување на емисијата на штетни гасови, потрошувачката на вода и создавањето отпад. Со користење на овие суровини, производителите на хартија можат да ги намалат своите еколошки отпечатоци и да придонесат за поодржлива иднина.

За ученикот да може да ја поддржи употребата на еколошки прифатлива хартија, неопходно е најнапред да го разбере значењето на поимите, како што се одржливост, еколошки суровини и влијанието на производството на хартија врз животната средина.

За да го постигнат резултатот од учење, учениците ќе:

- истражуваат што е еколошка хартија и од што се произведува,
- споредуваат еколошка и обична хартија според штетност и придобивки,
- изработуваат рачно рециклирана хартија,
- водат евиденција за потрошувачката на хартија во училиштето,
- креираат постери или пораки за промовирање екохартија,
- учествуваат во дебати и дискусии за иднината на хартијата,
- истражуваат локални компании кои користат или произведуваат екохартија.

Преку практични активности, истражувања, дискусии и креативни проекти, тој не само што стекнува знаење, туку развива и личен став и одговорност. Поддршката не се сведува само на избор на хартија, туку станува свесна одлука, заснована на разбирање, етичка одговорност и желба за позитивна промена во сопствената околина.

Воедно, ќе развиваат **критичко размислување, дигитална писменост** и **вештини за соработка**, со можност за интеграција на наставата со реалниот сектор (посета на компанија, истражување на локални примери).

Активност 7:
Истражување – Колку хартија троши нашето училиште и како може да ја намалиме?

Резултат од учење: собира и анализира податоци за потрошувачката на хартија во училиштето, да проценат еколошки и финансиски последици од прекумерната потрошувачка, да предложат практични решенија за намалување на потрошувачката и зголемување на одржливоста.

Наставна единица: Употреба на еколошки прифатлива хартија и рационално користење на ресурсите

Цел на активноста:

- Развивање вештини за истражување, анализа и одговорно користење на ресурсите.
- Подигнување на свеста за влијанието на училиштето врз животната средина преку користење хартија.

◆ **Чекори за реализација:**

1. Активирање на знаење

Наставникот поставува воводни прашања:

- Колку хартија мислите дека троши нашето училиште месечно или годишно?
- Зошто е важно да ја намалиме потрошувачката?
- Кои се последиците од прекумерно користење хартија врз шумите и животната средина?

Прикажување кратко видео или инфографик за производството на хартија и неговото влијание.

2. Формирање групи и планирање на истражувањето

Поделба во работни групи со следни задачи:

Група 1: Истражување на потрошувачката на хартија во администрацијата (секретаријат, раководство).

Група 2: Потрошувачка во наставниот кадар (учители, печатење тестови, наставни материјали).

Група 3: Потрошувачка од страна на учениците (тетратки, работни листови, проекти).

Група 4: Потрошувачка во дополнителни активности (плакати, рекламен материјал, настани).

■ Секоја група подготвува прашања и метод за прибирање податоци:

✓ Анкети, интервјуа, броење на пакети хартија, собирање фактури од набавки или проценки од вработени.

3. Истражување и собирање податоци (во текот на неделата)

Активности:

- Интервју со секретар/директор – колку пакети хартија се купуваат месечно/годишно?
- Анкета кај наставници – колку листови се користат неделно за тестови, работни листови и сл.
- Анкета кај ученици – колку тетратки користат годишно, колку листови за домашни, проекти итн.
- Пресметки – 1 пакет хартија = 500 листови (просечно).

✓ Се собираат сите податоци, се прават прелиминарни пресметки и проценки.

4. Анализа на податоците и изработка на извештај

Учениците пресметуваат:

- ✓ Колку листови хартија се користат месечно/годишно?
- ✓ Колку тоа еколошки „чини“ – пресметка колку дрвја, литри вода и kWh енергија се потрошени за таа количина (по формули што може да ги даде наставникот).
- ✓ Колку би можеле да заштедиме со мали промени?

Изработка на:

- ✓ Инфографици
- ✓ Постери
- ✓ Презентации со податоци и предлози за намалување на потрошувачката.

5. Презентација и дискусија

Секоја група ги презентира своите наоди.

Следува заедничка дискусија:

- Што покажуваат податоците?
- Каде се трошат најмногу ресурси?
- Какви промени може да предложиме – дигитализација на тестови, двострано печатење, повеќе табла и помалку хартиени постери и сл.

✓ Изработка на заеднички план или предлог за **„Екополитика за користење хартија во училиштето“**.

💻 **Дигитална алатка (по избор):**
Google Forms / Microsoft Forms – за анкети.
Canva / Piktochart – за инфографици.
Excel / Google Sheets – за анализа и пресметки.
Padlet или Wakelet – за споделување на резултати.

🏠 **Домашна задача:**

Напиши есеј или рефлексија (1–2 страници) на тема:

✓ „Како можам јас лично да ја намалам потрошувачката на хартија?“

Подготви постер или кратко видео за промоција на одговорно користење на хартија во училиштето.

✔ **Совет за наставникот/ученикот:**

Наставник: Подгответе табела со основни податоци за да им олесните на учениците при пресметки.

Ученик: Фокусирај се на реални бројки и предлози кои можат навистина да се применат во училиштето.

ПРАКТИЧНА НАСТАВА и Учење преку работа

Валентина Маневска,
координатор за Учење преку работа кај работодавач

КООРДИНАТОРОТ ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА – МОСТ ПОМЕЃУ УЧИЛИШТЕТО И РАБОТОДАВАЧОТ

УДК 37.02-027.22

Современото стручно образование повеќе не се темели само на учење од учебник. Денешниот ученик треба да знае **да работи, да размислува и да се снаоѓа во вистинска работна средина**. Токму затоа сè поголемо значење добива концептот **„учење преку работа кај работодавач“** – модел во кој дел од наставата се реализира директно во компанија, работилница или индустриски погон.

Учењето преку работа е организирана форма на образование во која ученикот:

- извршува реални работни задачи, користи вистинска опрема и алати, работи со ментор – вработен кај работодавачот, стекнува навики, одговорност и работна дисциплина,
- ученикот не е само набљудувач – тој активно учествува во процесот на работа, постепено преземајќи сè посложени задачи.

Практичната настава му овозможува на ученикот:

- да стекне вистинско работно искуство,
- да ја разбере теоријата преку примена,
- да научи тимска работа,
- да развие чувство за одговорност,
- полесно да се вработи по завршувањето на школувањето.

Во овој процес клучна улога има **координаторот за учење преку работа кај работодавач**.

Координаторот е лицето што го поврзува **училиштето, ученикот и работодавачот**. Без оваа улога, практичната настава би била само повремена посета, а не вистинско учење.

Неговите главни задачи се:

1. Организација: воспоставува соработка со компании, склучува договори за практична обука, изработува распоред за учениците.
2. Подготовка на учениците: ги запознава со правилата на однесување во работна средина, укажува на безбедност и заштита при работа, објаснува што се очекува од нив – права и обврски.
3. Следење и поддршка: редовно ги посетува учениците кај работодавачот, комуницира со менторите, помага ако се појави проблем или недоразбирање.
4. Оценување и евиденција: води документација за реализирана практика, ја следи успешноста на ученикот, учествува во оценувањето на постигнатите компетенции.

Работодавачите, пак, добиваат можност да создадат **идни обучени работници**, запознаени со нивната технологија и организација на работа.

Придобивки:

- **Учениците** добиваат знаење и самодоверба.
- **Училиштето** добива поквалитетна настава.
- **Компаниите** добиваат обучен кадар.

Координаторот за практична настава е токму лицето што ја овозможува оваа соработка. Тој не е само организатор, туку и советник, поддршка и посредник – човек кој им помага на младите од училишна клупа успешно да зачекорат во светот на професијата.

Учењето преку работа кај работодавач претставува чекор кон модерно и применливо образование. Преку него учениците не учат само „како функционира професијата“, туку стануваат дел од неа уште додека се ученици.

За образовен систем компатибилен на потребите на пазарот на труд, приоритет е јакнењето на соработката помеѓу училиштата и бизнис заедницата. Соработката е неопходна, со цел кадрите што се образуваат во стручното образование да се стекнуваат со соодветни компетенции кои ќе бидат апликативни на идните работни места.

А зад секој успешен ученик на практична настава стои еден посветен координатор – тивкиот, но исклучително важен фактор што го поврзува знаењето со реалната работа.

ПЕДАГОШКО-ПСИХОЛОШКА ПРАКТИКА

м-р Наташа Ралевска Вучкова,
училишен психолог, гештал психотерапевт

ЕМОЦИЈА – БЕС

УДК 37.013.42:316.613.43

Бесот претставува функција на полето околина – особа, бидејќи кога зборувам за бес не мислам на субјективна причина туку на комплексно меѓудејство на околината и особата. Значи станува збор за бесот кој има свое специфично значење и потекло во околината како и во самата особа, т.е во нивната интеракција. Исто така бесот ја вклучува целата човекова снага т.е кога сме лути се менува обликот на целото наше доживување (видот, слухот...), се менува мислењето и целокупното делување во светот. Оттука може да видиме дека бесот е комплексна и повеќеслојна емоција. Кога станува збор за бесот многу лесно можат да се користат атрибути и метафори, како на пример: експлозија, темперамент. Сите термини за чувството и однесувањето ги користиме за да ги опишеме различните облици на бес.

Всушност бесот во основа претставува контактирање со светот. Луѓето не би можеле да влијаат на својата околина доколку не ѝ пријдат на таа околина и не го подобрат својот контакт со неа.

На пример:
Доколку ѝ се налутам на мојата другарка и доколку сакам тоа да го променам најдобро би било да ѝ кажам за мојата лутина и да разговараме за тоа, да оствариме контакт.

Избегнувањето на контактот е контрапродуктивно.

Бесот е всушност емоција на контактот и истиот многу често го користиме за испитување на контактот. Во антисоцијалното однесување бесот се користи како емоција за дистанцирање поради можноста да не се повреди некој. За ваквите луѓе особено е важно да најдат социјално прифатлив начин за да го изразат својот бес. И покрај тоа што бесот е емоција на контакт, сепак постојат различни видови на контакти т.е. некои контакти се подобри од други. Доколку двајца се караат и го изразуваат својот бес тогаш не настапува контакт бидејќи секој е во својот филм и не ја слуша другата страна. Тоа би бил ужасен контакт. Доколку постои бес и другата страна ја разбира лутината тогаш веќе е постигнат контактот.

„Родителите и друштвото на различни начини се обидуваат да го потиснат бесното однесување. Децата обично се казнувани поради нивниот излив на бес, а кај возрасните и најмалиот излив на бес е дочекан со неодобрување.“ (Morgan, 1961)

Сепак не можеме да го замислиме светот, или доколку би го замислиле како би изгледал светот, во кој би немало никаква репресија на емоциите. Свет во кој секој би делувале баш онака како што би се чувствувале во тој одреден момент. Можеби изгледа смешно, но со ваквото функционирање не би преживеале ни нашите предци и човечкиот вид не би опстанал до денешниот ден. Поради тоа нашите предци морале да пронајдат свои начини за да ја ограничат својата спонтаност и своето неприлагодено однесување. Сепак, ние сме тие кои најголемото време го поминуваме во друштво со другите луѓе и сме морале да се развиваме низ механизмичка, социјална, културна и психолошка помош која ја регулираме не само со нашето однесување, туку и со нашите емоции и на начин на кој ги штитиме другите од себе, но и себеси од другите.

Во секој случај, семејството е тоа коешто ја поставува основата за социјализација. Од нашите родители, всушност, ние учиме што е тоа бес, како изгледа, како се изразува, во колкава мера се покажува и дали воопшто се покажува или се прекинува, дали бесот е прифатлива емоција и кон кого или од кого е прифатлива. Секое семејство има свои „правила“ т.е. едни

бесот го прифаќаат како природен и нормален, а кај други е неприфатен и забранет. За забранетиот и неприфатливиот бес не се зборува, а некаде и строго се казнува со ваквото однесување настанува збунување на децата во семејството. Оттука можеме да забележиме дека сè она што ќе научиме зависи од нашите примери, а тоа се родителите. Учиме кои реакции се прифатливи, а кои се неприфатливи или казнувани. Меѓутоа со текот на растењето доаѓаат под влијание и некои други луѓе од околината, како што е тоа пример со друштвото, наставниците итн. Во овие средини начинот на прифаќање или неприфаќање може да е контрадикторен од наученото во семејството и во тој случај детето не знае што да мисли и да чувствува. Од друга страна, пак, сосема природно стануваме бесни кога сме исфрустрирани или ограничени. Оттука произлегува и напнатоста поради која голем број на луѓе се вклучуваат во психотерапија.

Додека љубовта се гледа како позитивна емоција, бесот се доживува како негативна, деградирачка емоција која подобро би било да не се чувствува, да не се гледа и да не се зборува за неа. Бидејќи вистина е дека во многу случаи бесот се користи за да се повредат други луѓе. Поради тоа ние го контролираме бесот на секој можен начин учејќи ги и другите да го прават истото. Но, за луѓето кои биле злоупотребени во семејството, бесот би значел мобилизирање на енергијата за борба против злоставувањето и неправдата. Значи емоцијата *бес* може да има и своја позитивна страна за да нè направи посилни, со цел да се чувствуваме дека сме безбедни, дека можеме да си ги добиеме правата, она што го сакаме, а притоа да ги почитуваме другите околу нас.

A.Dickson бара од нас да идентификуваме и друг вид на бес:

„Можеби не сте свесни за бесот како сила во вас, но веројатно можете да ги осетите неговите ефекти. Бесот може да се јави како стимуланс за совладување на некоја нова вештина... тој ќе нè натера да се изразиме себе си низ пишување, пеење, сликање. Може да ви помогне да стигнете за вас до битна цел и покрај сè друго, ќе ви помогне да преживеете криза, болести, несреќи... Оваа врста на бес ја нарекувам **основен бес**, оној кој извира од особата кој е под сите улоги и одговорности кој ги има во својот живот. Овој основен (базичен) бес ја допира нашата природна животна снага, тој е извор на енергијата и одлучноста, снага која ни помага да бидеме она што навистина сме и покрај препреките кои се појавуваат во текот на целиот живот. Оваа врста на бес ни помага да се движиме напред кон целта со цела наша сила и самодоверба, тој е извор на креативност, всушност тој е онаа позитивна страна што ја гледаме кај бесот.“

За многу луѓе работата на бес во психотерапијата претставува една од многуте работи на себе, а додека за други работата на бес е една од најбитните работи што му се случила некогаш. Работата на бес може да има најразлични облици, во зависност од тоа каде настанало прекинувањето (во која точка на циклусот контакт-повлекување). Постојат луѓе кои од својата најрана возраст научиле да го потиснуваат изразувањето на својот бес, луѓе на кои им е потребно да научат да го почувствуваат и да го изразат својот бес. Има и други луѓе кои не можат да го контролираат својот бес, кои главно се лути и ги повредуваат другите околу себе. Овие луѓе би требало да работат на тоа да научат да ги контролираат своите реакции и емоции, да пронајдат различни начини да ги изразат своите емоции на сигурен и социјално прифатлив начин. И некаде кон средината се оние луѓе кои својот бес го свртуваат против себе. Тие треба да научат само да го променат правецот на емоцијата одвнатре кон надвор.

Користена литература:

1. John Bernard Haris. (1993). *Rad sa besom u terapiji. Gestalt pristup.* Manchester.
2. Ф.С.Перлс. (2000). *Его, глад и агресија.* Скопје.
3. James I Kepner, *Telesni proses*
4. Vernon Van De Riet, J.J. Gorel, *Гешталт терапија „Вовед“ (интерен превод)*

ПРОМОЦИЈА НА ПУБЛИКАЦИИ

НОВИ ИЗДАНИЈА НА НИКОЛЧЕ ЈОНОВСКИ, МИЛЕ АТАНАСОСКИ, МИЛИЦА РАДЕВСКА И ВЕСНА МУНДИШЕВСКА-ВЕЛЈАНОВСКА

УДК 655.413:37.091.64




ОБЈАВЕН ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА „ГРАФИЧКИ МАТЕРИЈАЛИ“

М-р Николче Јоновски и Миле Атанасоски, наставници по графички стручни предмети, учествуваа во работна група за изработка на прирачник како дополнување на постоечкиот учебник по предметот „Графички материјали“, со акцент на примената на еколошки материјали во графичката индустрија. Координатор на работната група беше м-р Ардијана Исахи Палоши од ЦСОО, а член беше и Кирил Арсовски од Техничкиот универзитет Минхен. Прирачникот е подготвен во 2025 година во рамки на партнерството на Центарот за развој на стручното образование и УНИЦЕФ со финансиска поддршка од НЕЛТ, под покровителство на Министерството за образование и наука. Компјутерската обработка и дизајнот на корицата е на Миле Атанасоски. Прирачникот е наменет за ученици и наставници од секторот графичарство и веќе се користи во наставата во рамки на предметот Графички материјали за прва година графичка струка.

ОБЈАВЕНА КНИГАТА ПОЕЗИЈА „КРАТКА МЕМОРИЈА“ НА МИЛИЦА Д. РАДЕВСКА

Милица Димитријовска-Радевска, наставник по македонски јазик и литература, на почетокот на 2025 г. ја објави книгата поезија „Кратка меморија“. Издавач е „Панили“ од Скопје, а изданието финансиски е поддржано од Министерството за култура и туризам на РСМ. Рецензент е Весна Мундишевска-Велјановска која во својот осврт за книгата издвојува дека „Најновата книга поезија „Кратка меморија“ на Милица Димитријовска-Радевска е мемориски регистар на складирани податоци, настани, случки, размислувања, укажувања... сместени во ќелиите на меморијата на една временска рамка која, и покрај активното темпо на збиднувањата, сè повеќе ја губи суштинската комплексност, и бледнее присвојувајќи еднозначни карактеристики. Во едноличноста на бинарното постоење, оваа меморија тежнее да ги заштити вредностите од нивната маргинализација, да го реституира и она малку човечко што останало во нежната душа на човекот, всушност – да го сочува сопствениот капацитет, дури и да се надгради себеси елиминирајќи ја опасноста од предзнакот „кратка“.“

ОБЈАВЕНА КНИГАТА „ТЕКСТУРИ НА ПОСТОЈБАТА“ ОД ВЕСНА МУНДИШЕВСКА-ВЕЛЈАНОВСКА



Во октомври 2025 г. од печат излезе книгата книжевна критика „Текстури на постојбата“ од Весна Мундишевска-Велјановска. Издавач на книгата е Македонско научно друштво – Битола, а издавањето е поддржано од Министерството за култура и туризам на РС Македонија. Дизајнот на корицата е на Ангел Велјановски и авторката, а илустрациите во книгата и на корицата се авторство на ликовната уметница Љубица Мешкова Солак.

Рецензент на книгата е проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска, која меѓу другото истакнува: „Мундишевска-Велјановска е во постојана потрага по нови форми, значења, визури, прекршувања на мислата и перспективи на гледање. Нејзината перцепција на објективната и идеолошката стварност е во симбиоза со острата и проникliва перцепција на светот на фикцијата и на поезијата. Просто, воодушевува нејзината способност со ласерска прецизност и точност да погледне во телото на книжевниот текст, да го разглоби на неговите составни елементи, да го анализира секој елемент посебно од различна перспектива, но и од надвор и од внатре, а потоа да ги утврди релациите меѓу тие елементи, нивната функционалност и законитостите поради кои се остварува дискурсот.“

ПРОМОЦИЈА НА ПУБЛИКАЦИИ



Љубица Мешкова Солак,
наставник по ликовна уметност

КАТАЛОГ И ИЗЛОЖБА „АПОЛОГИЈА НА ВРЕМЕ И ПРОСТОР – 2“

Корелација со проектот „Моја инспирација“, НУ Завод и музеј Битола

УДК 655.413:659.132.21

Македонскиот фолклор, со своите носии, орнаментики, техники и богати симболи, претставува неисцрпен извор на инспирација. Во изложбата „Апологија на време и простор – 2“, отворена на 20 декември 2025 г. во Културниот центар Магаза при НУ Завод и музеј Битола, мојот пристап е насочен не кон репродукција, туку кон трансформација. Оваа изложба истовремено е продолжување од првиот циклус „Апологија на просторот – 1“ којшто ги третираше симболите и пораките од минатото до денес.

Идејата, односно концептот за оваа изложба, структурно, етнолошки, визуелно и хронолошки е поврзана со еден значаен проект со наслов „Моја инспирација – музејската колекција на носии и текстил како поттик во визуелната уметност“, авторски проект на етнолог Наде Геневска Брачиќ, проект кој една деценија ги поврзуваше традицијата, образованието и современиот дизајн, проект кој ме научи дека наследството не е статично. Професионалното и темелно истражување и работење во текот на повеќе од три децении на етнолог-кустос-советник Геневска Брачиќ, ни покажа дека тоа постојано се менува, а уметникот е оној што создава мост помеѓу времето што било и времето што доаѓа. Во моите дела, за да ја доловам визуелно и симболично идејата, ја користам текстурата, формата и бојата, не за да ја пресликам традицијата, туку за да ја препрочитам. Етно-елементите ги претворам во нов визуелен јазик – слоевит, текстурален, современ и концептуален. Најмногу ме интересира како старите текстилни структури, симболи или шари можат да се претопат во современа визуелна форма која не прикажува само минато, туку создава нов простор за ново значење.

Во „Апологија на време и простор – 2“, традицијата станува центар на нова естетика: временските слоеви се претвораат во графички структурални плохи, текстилните мотиви стануваат текстурални и апстрактни, а орнаментите се трансформираат во минимални геометриски решенија. Со оваа изложба ја истражувам динамиката помеѓу наследеното и создаденото, помеѓу материјалот што доаѓа од минатото и мојата потреба да му дадам нов живот во современа форма. За мене времето и просторот не се ограничувања – тие се поле на можности, место кадешто традицијата станува современа, а современото добива длабочина од минатото. Оваа изложба „Апологија на време и простор – 2“, во корелација со проектот „Моја инспирација“ е чин на почит, но и чин на преобразба. Дијалог меѓу старото и новото. Мост помеѓу корените и иднината. Ја посветив „На мојот сопруг и син, со благодарност“.

Големо внимание привлече каталогот за изложбата чиј издавач е Н.У. Завод и музеј – Битола, а е испечатен со финансиска поддршка од Министерството за култура и туризам на РСМ. Ова креативно печатено дело го дизајнираше Андреј Нашоку од печатницата „АНС“ – Битола, со фотографии од Дражан Брачиќ, кои на несекојдневен начин ја доловија уникатноста на делата на изложбата.





ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ



м-р Филип Џокоски,
наставник по козметички стручни предмети

ЕДУКАТИВНА ПРЕВЕНЦИЈА, ЗДРАВСТВЕНА ПРОМОЦИЈА И ДЕСТИГМАТИЗАЦИЈА ПО ПОВОД СВЕТСКИОТ ДЕН НА СИДАТА

УДК 373.5.091.398:613.888.13

По повод **Светскиот ден на СИДА**, во училиштето се реализираше интерактивна едукативна активност за превенција од ХИВ/СИДА. Активностите беа спроведени од наставникот Филип Џокоски**,** во соработка со психолошката служба на училиштето, со цел содржините да бидат стручно прилагодени на возраста и развојните потреби на учениците, обезбедувајќи соодветен педагошко-психолошки пристап.

Настанот се одржа на 3 декември 2025 година, во времетраење од два наставни часа. Учествуваа 52 ученици од III година – техничар за козметичка нега и убавина, I година – хотелско-туристички техничар, техничар за дизајн на облека и техничар за изработка на облека.

Целта на активноста беше **зголемување на здравствената информираност и свесност кај учениците**, јасно разликување на ХИВ како вирус и СИДА како заболување, информирање за начини на пренос, ризици и мерки за превенција. Посебен акцент беше ставен на **намалување на стигмата и дискриминацијата** кон лица кои живеат со ХИВ/СИДА и други полово преносливи инфекции, поттикнување емпатија, солидарност и охрабрување за навремено барање здравствена помош без чувство на срам.

Во рамките на активноста се обработија **основните карактеристики на заразните болести**, нивната вирусна, бактериска и паразитска природа, како и значењето на раното откривање и навремено лекување за спречување компликации и понатамошно ширење на инфекциите. Истакната беше и улогата на **информираното и одговорно однесување, редовното тестирање и избегнувањето на ризични модели на однесување** како клучни фактори за заштита на индивидуалното и јавното здравје.

Едукативниот пристап се осврна и на **емоционалните и психосоцијалните аспекти** на болеста, при што беше нагласено дека чувства како срам, страв или социјална стигма често претставуваат пречка за навремено барање помош и можат индиректно да придонесат кон ширење на болеста. Во дискусијата учениците беа поттикнати на развивање **емпатија, разбирање и психолошка поддршка** за лица кои се соочуваат со здравствени предизвици.

За проценка на ефектот од активноста, беше спроведен **краток анонимен влезен прашалник**, кој учениците го пополнуваа во групи, со цел утврдување на претходното знаење и ставови. По завршување на предавањето, беше спроведен и **излезен прашалник**, исто така во групи, со кој се согледуваше степенот на разбирање на содржините, покажаниот интерес и подготвеноста за учество во слични активности во иднина.

Анализата на резултатите покажа **зголемена информираност, подобрена здравствена свесност и позитивна промена во ставовите на учениците**, особено во однос на намалување на предрасудите, развивање емпатија и препознавање на значењето на навременото барање стручна помош. Активното учество и интересот на учениците потврдија дека пристапот е ефективен и соодветен за средношколци (*прикажано на сликата до насловот*).

Оваа воннаставна активност претставува пример за **стручно осмислена, интердисциплинарна и сеопфатна здравствена едукација**, која придонесува кон превенција на заразните и полово преносливите болести, намалување на стигмата и унапредување на психосоцијалното благосостојба на учениците во средното образование. Активностите од ваков тип ја поттикнуваат свеста за одговорност, емпатија и значењето на здравствената поддршка и ја потврдуваат нивната вредност за континуирана примена во воспитно-образовниот процес. Реализирањето на вакви активности ја истакнува улогата на училиштето како центар за знаење, поддршка и социјално разбирање, обезбедувајќи мотивација за нивно продолжување и унапредување во соработка со стручните служби.

С О Д Р Ж И Н А

КОЛУМНА
Виолета Колевска Атанасоска
ОБРАЗОВНИТЕ АСИСТЕНТИ – ТИВКИТЕ АРХИТЕКТИ НА ИНКЛУЗИЈАТА 2
СОВРЕМЕНА НАСТАВА
Проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска
МУЛТИКУЛТУРАЛНОСТА И КРИТИЧКАТА ПИСМЕНОСТ 3
Ристо Грујовски
КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛИДЕРОТ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА УСПЕШНИ ПРОМЕНИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО 7
Драгица Здравковска
СОВРЕМЕН КОНЦЕПТ НА ОБРАЗУВАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА НА КВАЛИТЕТ 11
БЕЛЕЖИМЕ
Меморандум за соработка и УПР на графичката струка во НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола 13
СОВРЕМЕНА НАСТАВА
Даниела Митревска
ЗНАЧЕЊЕТО И ПРИДОБИВКИТЕ ОД ЕРАЗМУС+ ПРОЕКТИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО 14
Кики Младенова
ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ 17
СЕМИНАР-РАБОТИЛНИЦИ
Миле Атанасоски
ОБУКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ОД ГРАФИЧКАТА СТРУКА 21
ПРИМЕРИ ОД НАСТАВНАТА ПРАКТИКА
Милица Димитријовска-Радевска
ВОДИЧ ЗА ОЧЕКУВАЊЕ И РЕАКЦИЈА 22
м-р Елизабета Јончиќ
УПОТРЕБА НА НЗФР/С ТЕХНИКА (НЕОЛОГИЗАМ-ЗБОРООБРАЗУВАЊЕ-ФОРМА НА УПОТРЕБА-РЕЧЕНИЦА/СТИХ) ВРЗ ПРИМЕРИ ОД НЕОЛОГИЗМИ ВО ЗБИРКАТА „КОНТИНУУМ“ ОД ВЕСНА МУНДИШЕВСКА-ВЕЉАНОВСКА 25
м-р Алисија Колевска
ПРИКАЗ НА ПОДГОТОВКА ЗА НАСТАВЕН ЧАС СО АКТИВНО УЧЕЊЕ 28
Весна Мундишевска-Вељановска, Катерина Спасовска-Маурдева
КНИГОВРЗУВАЊЕ: КВАЛИТЕТ НА ИЗРАБОТКА НА ГОТОВА КНИГА 30
Снежана Паскова
ЛЕЌАТА НА ТРАНСФОРМАЦИЈАТА – КАМЕРИТЕ НИЗ ИСТОРИЈАТА ВО ГРАФИЧКАТА ИНДУСТРИЈА 33
ИСТРАЖУВАЊЕ
м-р Марија Младеновска-Димитровска
ПОВРЗАНОСТА ПОМЕЃУ АНКСИОЗНОСТА И АГРЕСИВНОТО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИТЕ 36
ЕкоТД
Миле Атанасоски
РЕЦИКЛИРАНА ХАРТИЈА 39
ПРАКТИЧНА НАСТАВА и Учење преку работа
Валентина Маневска
КООРДИНАТОРОТ ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА – МОСТ ПОМЕЃУ УЧИЛИШТЕТО И РАБОТОДАВАЧОТ 42
ПЕДАГОШКО-ПСИХОЛОШКА ПРАКТИКА
м-р Наташа Ралевска Вучкова
ЕМОЦИЈА – БЕС 43
ПРОМОЦИЈА НА ПУБЛИКАЦИИ
НОВИ ИЗДАНИЈА НА НИКОЛЧЕ ЈОНОВСКИ, МИЛЕ АТАНАСОСКИ, МИЛИЦА РАДЕВСКА И ВЕСНА МУНДИШЕВСКА-ВЕЉАНОВСКА 45
ОБЈАВЕН ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА „ГРАФИЧКИ МАТЕРИЈАЛИ“ 45
ОБЈАВЕНА КНИГАТА ПОЕЗИЈА „КРАТКА МЕМОРИЈА“ НА МИЛИЦА Д. РАДЕВСКА 45
ОБЈАВЕНА КНИГАТА „ТЕКСТУРИ НА ПОСТОЈБАТА“ ОД ВЕСНА МУНДИШЕВСКА-ВЕЉАНОВСКА 45
Љубица Мешкова Солак
КАТАЛОГ И ИЗЛОЖБА „АПОЛОГИЈА НА ВРЕМЕ И ПРОСТОР – 2“ 46
ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ
м-р Филип Џокоски
ЕДУКАТИВНА ПРЕВЕНЦИЈА, ЗДРАВСТВЕНА ПРОМОЦИЈА И ДЕСТИГМАТИЗАЦИЈА ПО ПОВОД СВЕТСКИОТ ДЕН НА СИДАТА 47


СОУ
„Таки Даскало“ - Битола